МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ
YOUTH EDUCATIONAL FORUM

# МОНИТОРИНГ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

Проектот е поддржан од Европската унија

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
EUROTHINK CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES

# Мониторинг и унапредување  на работата на Агенција за млади и спорт

# Monitorim dhe avancimi i punës së Agjencisë për të Rinj dhe Sport

Скопје, 2018

**Издавач:**
Здружение на граѓани „Младински образовен форум“
ул. Дренак 34а, 1000 Скопје
тел: +389 2 31 39 692
www.mof.org.mk
info@mof.org.mk

**За издавачот:**
Дона Костуранова, извршна директорка

**Автори:**
Мартина Илиевска
Александра Филипова
Петар Барлаковски

**Лектор:**
Весна Костовска

**Превод:**
Вјоса Таипи

**Графички уредник:**
Петар Антевски

**Година на издавање:**
2018

Публикацијата е подготвена со поддршка на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Младински образовен форум и на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

„Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија“.

# Содржина

За Младински образовен форум (МОФ) .................................................................... 6
За проектот „Мониторинг и унапредување на работата на Агенција за млади и спорт“ ... 7
Листа на кратенки ........................................................................................................ 8
Општо за Агенција за млади и спорт ......................................................................... 9
Методологија и разработка на проблемот ................................................................. 10
Позиционираност на Агенција за млади и спорт и внатрешно работење ................ 12
Внатрешно работење на Агенцијата за млади и спорт .............................................. 20
Буџет и активности на Агенцијата за млади и спорт ................................................. 22
Ревизија, мониторинг и евалуација на работата на Агенцијата за млади и спорт ...... 24
Конечен извештај од Државниот завод за ревизија за АМС за 2012 година ............. 25
Внатрешни ревизии на Агенцијата за млади и спорт ................................................. 27
Внатрешна ревизија на спортски федерации ............................................................. 28
Работа на Секторот за млади при Агенција за млади и спорт .................................... 28
Соработка меѓу Агенцијата за млади и спорт со други
државни институции во насока на креирање младински политики ........................... 32
Перцепција на младите за работењето на Агенцијата за млади и спорт ..................... 36
Заклучок ....................................................................................................................... 44
Препораки за подобрување на работата на Агенцијата за млади и спорт .................. 46
Користена литература .................................................................................................. 49

# ЗА МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ (МОФ)

„Младински образовен форум“ е младинска заедница којашто создава простор за дебата, за слободно изразување и за младинско организирање. Истовремено оваа заедница го охрабрува активизмот, ги штити и унапредува младиските права и политики. МОФ ги остварува своите цели преку информирање, едукација, дискусија, соработка и преку мотивирање и поддршка на младите.

Активностите на организацијата се реализираат преку четири програми:
1. Дебатна програма
2. „Учиме право“ програма
3. Програма за истражување, анализа и креирање младински и образовни политики
4. Програма за младински активизам

МОФ е основан во 1999 година, и е активен на национално ниво, спроведувајќи ги своите програмски активности во повеќе градови преку МОФ центрите во: Скопје, Тетово, Струга, Битола, Велес и Куманово. Во младинските клубови на МОФ годишно членуваат повеќе од 1000 корисници на програми, преку активностите во клубовите „Дебата“, потоа „Учиме право“ и „Медиа/Арт“.

Во рамките на организацијата функционира и првото младинско интернет-радио во земјава, Радио МОФ (www.radiomof.mk).

# ЗА ПРОЕКТОТ „МОНИТОРИНГ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ“

Агенцијата за млади и спорт (понатаму во текстот АМС) е единствената институција која директно е одговорна за младите во државата. Во изминатиот период, нејзината работа беше контроверзна, пред сè поради начинот на кој Агенцијата системски ги следеше потребите на младите и го унапредуваше младинскиот сектор. Таа беше одговорна за имплементација на Стратегијата за млади 2005-2015, за чии потреби беше креиран само еден акционен план, не беше придружена со соодветно буџетско планирање или анализа на потребите на младите, што резултираше со нејзина недоследна имплементација.Стратегијата за млади 2016-2022 повторно беше подготвувана низ процес кој не беше квалитетен, ниту транспарентен. Акцискиот план за 2016/2017 беше методолошки несоодветно изработен, со сиромашна содржина, на што реагираа и дел од младинските организации, но нивните предлози не беа прифатени од страна на АМС како надлежна институција.

Во таа насока, младите сè почесто беа маргинализирани, без поддршка и манипулирани од страна на Агенцијата. Примерите одат во насока на: непризнавање на Националниот младински совет на Македонија како репрезентативно тело на млади; спроведување на нетранспарентен и токенистички процес на избор (Регионална канцеларија за младинска соработка (РКМС)); менаџирање на младински процеси, водени од партизиран менаџмент кој поддржува активности несоодветни на суштинските потреби на младите (на пример, тениско игралиште во Св. Николе иако нема соодветен тренер, во период кога масовната емиграција на младите и недостатокот на квалитетен културен и социјален живот се приоритетни младински прашања); дискриминирање и нетолеранција, градење на непријателски однос кон критичните млади и младински организации и нивно сегрегирање.

Оттука идејата на проектот е да ја скенира работата на АМС, да ги лоцира недостатоците и да креира препораки и механизми кои ќе обезбедат сеопфатен пристап во справувањето со младинските предизвици. Неопходно е да се посочат слабостите во изминатиот период, но и да се гради политичка волја која на долг рок ќе создаде системски одговорна Агенција за младите во земјата, во која тие ќе препознаат поддршка и доверба.

Отчетното и одговорно работење на Агенцијата за млади и спорт би било посебно важно за подобрување на позицијата на младите во *Македнија* и нивните можности да останат во оваа земја. АМС нема да може да ги исполни овие очекувања без да овозможи вклученост на младите при креирање на сопствените програмски приоритети, нивното буџетско планирање и имплементација; без да осигура и да го унапреди квалитетот на кадарот во Агенцијата; без да ја унапреди интерсекторската соработка со останатите институции со кои дели надлежности од областа млади. Нашата анализа има за цел да помогне во утврдување на одговорност за реализација на обврските кои произлегуваат од усвоените политики за млади, но и да ја унапреди информираноста за овие прашања.

Проектот „Мониторинг и унапредување на работата на Агенцијата за млади и спорт“ е реализиран од страна на Младински образовен форум во перодот од јуни 2017 до јануари 2018 година. Проектот е поддржан од шемата за регрантирање на проектот „Граѓанска алијанса за транспарентност – Набљудување на процесот на реформи на јавната администрација од страна на граѓанските организации”, имплементиран од „*Фондацијата Отворено општество – Македонија*” (ФООМ) и „ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии”, а финансиски поддржан од Европската унија во рамки на IPA Civil Society Facility and Media Programme 2015.

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

**АВРМ** – *Агенција за вработување на Република Македонија*

**АМС** – *Агенција за млади и спорт*

**ДЗР** – *Државен завод за ревизија*

**ДЗЛП** – *Дирекција за заштита на личните податоци*

**ИСППИ** – *Институт за социолошки и политичко-правни истражувања*

**МИОА** – *Министерство за информатичко општество и администрација*

**МОН** – *Министерство за образование и наука*

**МОФ** – *Младински образовен форум*

**МТСП** – *Министерство за труд и социјална политика*

**НМСМ** – *Национален младински совет на Македонија*

**НППА** – *Национална програма за усвојување на правото на ЕУ*

**НСМ** – *Национална стратегија за млади*

**ОБСЕ** – *Организација за безбедност и соработка на Европа*

**РКМС** – *Регонална канцеларија за младинска соработка*

**UNDP** – *Програма за развој на Обединети Нации*

**UNESCO** – *United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization (Организација за образование, наука и култура на ООН)*

# ОПШТО ЗА АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

Агенцијата за млади и спорт како самостоен орган на државна управа е основана во 2000 година како единствено владино тело кое е надлежно за сите аспекти од животот на младите лица во државата. Според Законот за организација и работа на органите на државната управа од 2000 година[1], Агенцијата има својство на правно лице, а ги врши обврските кои се однесуваат на грижата за психофизичкиот развој на младите и нивната заштита од болести на зависности, проституција, криминалот и на други социопатолошки појави, за грижата на статусот на младите,за поттикнување и помагање на различни облици на организирање на младите, за преземањето активности за создавање услови за задржување во државата на способните и талентирани млади, како и за создавање услови за стимулирање на нивното враќање, за следење на спортските и спортско-рекреативните активности од областа на спортот, за следење на развојот на врвниот спорт и врши и други работи утврдени со закон.

Работењето на Агенцијата е поделено во 5 сектори: Сектор за млади, Сектор за спорт, Сектор за капитални инвестиции, Сектор за човекови ресурси и стручна поддршка на Директорот и сектор за финансиски прашања. Во склоп на секторите, постојат 12 одделенија кои имаат свои поднадлежности и истите треба да одговорат на ордедени специфични обврски и задачи, за остварудвање на целите на секторот и Агенцијата. Во Секторот спорт постојат три одделенија: за национален и меѓународен спорт, за евроинтеграции и меѓународна соработка во спортот и за правна поддршка на спортот. Во Секторот за млади има одделение за младинска политика и одделение за евроинтеграции и меѓународна соработка кај младите. Одделение за објекти за спорт и одделение за проектна и техничка подготовка и утврдување на динамиката и степен на изведба на градежни работи се одделенијата кои функционираат во склоп на Секторот за капитални инвестиции и објекти за спорт. Во Секторот за правни и финансиски прашања постојат одделение за буџетска координација, сметководство и плаќање и одделение за јавни набавки и правни работи, додека во Секторот за човекови ресурси и поддршка на работата на директорот постојат одделенија за: поддршка на работата на директорот, за човекови ресурси и за односи со јавност и протокол. Дополнително, постојат уште две одделенија, одделение за инспекциски надзор во спортот и одделение за внатрешна ревизија, како и лице за имплементација на КАФ и ИСО стандардите. Во склоп на АМС постои Совет за спорт, чија прва конститутивна седница е одржана на 29.08.2017. Советот за спорт е надворешно тело задолжено за креирање политики во областа на спортот и за реализирање на програмски активности.[2]

Според органограмот достапен на сајтот на Агенцијата за млади и спорт, највисок орган на Агенцијата подредени по хиерархија е директорот, кој има заменик директор. Главни соработници на директорот во раководење на агенцијата се  државниот советник за млади и спорт и државниот советник за капитални инвестиции и објекти во спорт. Според добиените податоци од АМС, на 05.09.2017 година Агенцијата имала 47 редовно вработени лица, 2 вработени лица под договор за вработување на определено време и 5 лица со договор на дело.

1 „Закон за организација и работа на органите на државната управа“ - *“Службен весник на Република Македонија”* бр.58/2000 од 21.07.2000 година

2 http://ams.gov.mk/pochetna/20-odnosi-so-javnosta/soopstenija/1216-konstituiran-e-sovetot-za-sport-zaedno-gradime-strategija-za-razvoj-na-sportot

# МЕТОДОЛОГИЈА И РАЗРАБОТКА НА ПРОБЛЕМОТ

Агенцијата за млади и спорт е единствена национална институција која има сектор што работи во сферите на интерес и за потребите на младата популација. Функционалното работење на агенцијата е од суштинско значење за младите. Постои недостаток на јавно достапни документи кои јасно го дефинираат работењето на Агенцијата за млади спорт што укажа на потребата за реално проценување на состојбата. Токму затоа работењето на агенцијата се анализираше од три аспекти:

I. Позицијата на Агенцијата за млади и спорт во институционалната поставеност, нејзината автономија (финансиска и одлучувачка) и меѓуинституционалната соработка во однос на прашања кои се од важност за младите (консултации при креирање на политики и мерки за младите);
II. Транспарентност на агенцијата и внатрешната распределба на средствата;
III. Перцепцијата и искуството на младите и младинските организации во работењето со АМС.

Наодите од ова истражување, препораките и целата негова содржина стремат кон збогатување на фондот на информации за оваа важна област, подигнување на свест за ингеренциите и важноста на Агенцијата за млади и спорт кај сите засегнати страни - државните институции кои креираат и/или спроведуваат политики за млади, младинските организации и младите воопшто кај сите засегнати страни – Агенцијата за млади и спорт, државните институции кои креираат и/или спроведуваат политики за млади, младински организации и за младите воопшто.

## Временска рамка:

Во периодот од јуни до декември 2017. Младинскиот образовен форум спроведе евалуација на работењето на Агенцијата за млади и спорт за периодот 2014, 2015 и 2016 година и мониторинг на релациите меѓу АМС, другите државни институции, младинските организации и младите. За истражувањето е користена комбинација од квалитативни и квантитативни методи, со цел по пат на дедукција да се добијат подлабински податоци.

## Истражувачки прашања:

• Каква е поврзаноста помеѓу Агенцијата за млади и спорт и и другите државни институции при креирањето на политики и мерки за млади?
• Каква е буџетската распределеност по сектори на средствата со кои располага Агенцијата на млади и спорт? Каков е соодносот на распределени средства во секторот за млади и секторот за спорт?
• Каква е перцепцијата и искуството на младите и младинските организации за функцијата и работењето на Агенцијата за млади и спорт?

## Хипотези:

• Агенцијата за млади и спорт е надлежна институција за млади, која е консултирана и активно учествува во креирањето на политиките и мерките за младите кои се креираат од страна на другите државните институции.
• Агенцијата за млади и спорт рамномерно го распределува буџетот во Секторот за млади и Секторот за спорт.
• Агенција за млади и спорт работи транспарентно и во соработка со младите и младинските организации.

## Инструменти:

За целите на оваа публикација беа користени квалитативни и квантитативни инструменти за прибирање податоци. Во поглед на првата категорија, беа анализирани **правни акти** што го регулираат работењето на АМС.

Заради недостапноста на дел од информациите, беа испратени **барања за слободен пристап до информации од јавен карактер**. Така, беа испратени барања до девет државни институции (Агенцијата за млади и спорт, *Владата на Република Македонија,* Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Министерството за локална самоуправа, Министерството за информатичко општество и администрација и Агенцијата за вработување) кои според Националната стратегија за млади се надлежни за спроведување на политиките за млади, а и дел од нивните надлежности се младинските прашања.

Вкупниот број на барања што беа испратени се 175, од кои 167 се одговорени, 3 барања се препратени до Агенцијата за млади и спорт, а за 5 барања е дозволен увид во документацијата на Агенцијата за млади и спорт поради големиот обем на одговорите за наведените барања. Барањата беа испратени во текот на месец август 2017. Дел од добиените одговори добиени од АМС, не беа податливи за истражувачкиот процес, па дополнително се спроведоа и два увида на документи и консултации со вработените во агенцијата. Добиените податоци од увидот допополнително помогнаа во подоцнежната десктоп анализа.

Во текот на месец ноември се спроведе и онлајн **истражување** помеѓу претставниците на младинските организации и младите на возраст од 16 до 29 години. Истражувани беа ставовите на испитаниците за нивната перцепција за АМС, нивното искуство и соработки со АМС.

За потребите на онлајн истражувањето беше креиран посебен анкетен прашалник, со кој се утврди перцепцијата на младите и на членовите на младински организации за АМС, нивното искуство и соработки со агенцијата.

Вкупниот број на испитаници кои целосно го одговориле прашалникот е 124, од кои 75 се претставници на младински организации, а 49 не се членуваат во ниедна младинска организација.

За добивање подлабински податоци и препораки за подобрување на работата на АМС, Младинскиот образовен форум во декември и јануари спроведе фокус-група и консултативна средба со претставници на младинските организации коишто дадоа голем придонес. Фокус-групите и консултациите се одвиваа според специјално креирани структурирани сценарија.

## Примерок:

Во истражувањето преку алатката за пристап до информации од јавен карактер беа вклучени девет институции: Агенцијата за млади и спорт, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за култура, Министерството за локална самоуправа, Министерството за информатичко општество и администрација и Агенцијата за вработување, за да се утврди меѓуинституционалната соработка.

Прецепцијата на младите и младинските организации за работата на Агенцијата за млади и спорт, се утврди преку пригоден примерок кој требаше да одговори на онлајн прашалникот.

# ПОЗИЦИОНИРАНОСТ НА АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ И ВНАТРЕШНО РАБОТЕЊЕ

## Правна рамка

Работењето на Агенцијата за млади и спорт е уредено во повеќе закони и интерни правилници на агенцијата. Законите кои ги регулираат внатрешното уредување и распределбата на ресурсите се: Закон за организација и работа на органите на државната управа; Закон за *Владата на Република Македонија*; Закон за игрите на среќа и за забавните игри; Закон за спорт; Закон за буџетите, Закон за јавна внатрешна финансиска контрола; Закон за јавни набавки; Законот за државна ревизији; Закон за јавна внатрешна финансиска контрола и други закони кои ја регулираат работата на државните институции.

Со членот 30 од Законот за организација и работа на органите на државната управа се уредени ингеренциите на Агенцијата за млади и спорт. Сепак, тука само таксативно се набројани неколку области во кои АМС треба да делува:

*„Агенцијата за млади и спорт ги врши работите што се однесуваат на грижата за психофизичкиот развој на младите и нивната заштита од болести на зависности, проституцијата, криминалот и други социопатолошки појави; грижата за статусот на младите; поттикнувањето и помагањето на различните облици на организирање на младите; преземањето активности за создавање услови за задржување во Република Македонија на способните и талентирани млади, како и создавањето услови за стимулирање на нивното враќање во Република Македонија; следењето на спортските и спортско рекреативните активности од областа на спортот; следењето на развојот на врвниот спорт и врши и други работи утврдени со закон ".*[1]

Финансискотот работење на Агенцијата за млади и спорт, како дел од државната управа подлежи на неколку закони: на Закон за буџетите[2], на Закон за јавна внатрешна финансиска контрола[3], подлежи на ревизија на Државниот завод за ревизија, на Законот за јавни набавки[4], и на сите останати закони кои ја уредуваат и регулираат работата на државните институции, закони кои го регулираат добивањето, распределбата и трошењето на средствата со кои располага агенцијата.

Дел од финансиите со кои располага агенцијата се согласно Законот за игрите на среќа и за забавните игри, од каде што се добиваат средства што се наменети за спортот, односно за спортските федерации. Членот 16 од овој Закон предвидува: *„спортските федерации и клубови се финансираат преку средствата остварени по сите основи од приредување на игри на среќа и забавни игри, а тоа го реализира Агенцијата за млади и спорт. Висината на средствата утврдени за ова не може да биде помал од 30 милиони денари и не може да биде поголем од 50 милиони денари. Рапределбата на овие средства ја врши Владата на Република Македонија, со одлука врз основа на програма поднесена од Агенцијата за млади и спорт. Оваа програма Агенцијата ја изготвува врз основа на поднесени проекти од страна на спортските федерации и клубови, но и врз основа на сопствени проекти за унапредување на спортот, со јасни назнаки за износот на средства и активностите за кои средствата се потребни“*.

---

1 Закон за организација и работа на органите на државната управа“ - “*Сл. весник на Р Македонија*” бр.58/2000 од 21.07.2000 година (член 30)

2 „Закон за буџетите“ - *Службен весник на Република Македонија* бр.64/05, 0 (*Службен весник на Република Македонија* бр.64/05, 04/08, 103/08, 4/08, 103/08,
156/09, 95/10 156/09, 95/10, 180/11и 171/12 и 171/12 и 171/12

3 Закон за јавна внатрешна финансиска контрола - „*Службен весник на Република Македонија*“ бр. 90/2009 и 188/2013

4 Закон за јавни набавки - *Службен весник на РМ*, бр. 165 од 16.11.2017 година

Секторот Спорт при Агенцијата за млади и спорт, воедно и спортот во државата се уредуваат со Закон за спорт[5]. Па така, според овој Закон, надлежната државна институција (во овој случај АМС) формира Совет за спорт, што е стручно-советодавно тело, од редот на стручни, научни и истакнати работници од областа на спортот. Исто така, согласно со член 12 дава ингеренции на Агенцијата да може по службена должност да поништи издадено решение за вршење на дејност спорт доколку утврди дека спортскиот клуб, Националната спортска федерација или *Македонскиот олимписки комитет* не ги исполнуваат условите одредени со Законот за спорт. Решенијата за вршење на дејност спорт ги издава Агенцијата за млади и спорт, односно 10 дена по приемот на барањето треба да донесе решение за вршење на дејност спорт или да донесе решение за одбивање на барање за вршење на дејност спорт.

За остварување на јавниот интерес во спортот Агенцијата за млади и спорт, општините, општините на Град Скопје и Градот Скопје може да основаат фондација за развој на спортот, во согласност со законот. Со фондацијата ќе раководи и управува Управен одбор. За остварување на јавниот интерес во спортот, Владата донесува петгодишна Програма за развој на спортот, а за спроведување на активностите предвидени во неа се користат средства од Буџетот на државата.

Анализирајќи ги законите и уредбите кои се однесуваат на Агенцијата за млади и спорт, невозможно е да не се забележи недостатокот на регулатива што ќе ги уредува ингеренциите и правата на Агенцијата во однос на областа млади. Единствениот документ кој ја насочува работата на АМС за млади е Националната стратегија за млади (НСМ). Воедно ова е единствениот документ кој предвидува институционална соработка за исполнување на прирориттетите предвидени во НСМ. Претходната Национална стратегија за млади беше за периодот 2005-2015[6], додека моменталната НСМ според која Агенцијата за млади и спорт треба да се води при проектирање на буџетот е НСМ 2016-2025 година[7]. Сепак, иако ова е единствен документ што ја насочува АМС за работа со млади, евидентна е непосветеност кога станува збор за креирање на НСМ, но и понатамошна реализација на предвидените активности. Па така, по спроведената анализа за реализираните активности од НСМ 2005-2015, утврдено е дека постои само еден акциски[8] план (за 2009 година), иако идејата е да се носи поединечен акциски план за секоја година опфатена во стратегијата[9], некоординација помеѓу надлежните институции, непостоење на план за евалуација и мониторинг на постигнатото, ниту известување и спроведена анализа од страна на АМС која би требало да е јавно достапна[10]. Слични проблеми се нотираат и во Националната стратегија за млади за 2016-2025 години, односно нема акциски план по кој АМС би се водела во исполнувањето на стратешките определби, а активностите кои ги планираат во буџетот не соодветствуваат со стратешките цели дефинирани во Стратегијата.

Стратегијата за млади е единствениот документ кој ги уредува областите за млади кои ќе ги работи Агенцијата, а воедно гарантира и соработка помеѓу Агенцијата и

5 „Закон за спорт“ - *Службен весник на Република Македонија* бр.29 од 07.05.2002 година (член 25)
6 Национална стратегија за млади 2005-2015. Достапна на: <http://www.strategijazamladi.mk/sites/default/files/%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8.pdf>
7 Национална стратегија за млади 2005-2015
8 Акциски план НСП – 2009. Достапен на: < http://www.sega.org.mk/web/images/NSM/action%20plan%20for%20implementation%20of%20the%20national%20youth%20strategy%20of%20the%20republic%20of%20macedonia.pdf>
9 Kirkovski, Aleksandar (2017). „Country sheet on youth Policy in the Formar Yugoslav Republic of Macedonia“. <http://pjp-eu.coe.int/documents/1017981/9829969/Country-sheet-the+former+Yugoslav+republic+of+Macedonia.pdf/888e5076-42da-51f6-2692-81096175873b>
10 Анализа на спроведените активности од Националната стратегија за млади 2010-2015, https://issuu.com/youtheducationalforum/docs/________________________________6342548b096811

останатите институции. Нереализирањето на стратегијата значи неисполнување на зададените задачи и обврски кон институциите но и непочитување на највисокиот документ за млади од страна на институциите.

## Внатрешна поставеност

Највисоката раководна функција која управува со првниот субјект е Директорот кој се назначува со одлука на Владата којашто врши именување и назначување, односно разрешување од должноста директорот на Агенцијата[11].

За тековното фукнционирање на АМС се задолжени петте сектори кои функционираат во рамките на агенцијата: Сектор за млади, Сектор за спорт, Сектор за капитални инвестиции, Сектор за човекови ресурси и стручна поддршка на Директорот и сектор за финансиски прашања. Секој од секторите има по неколку одделенија на кои се распределуваат специфичните обврски и задачи, заради поголема ефективност и ефикасност на самите сектори.

Како посебна функција што треба да му биде помош при работењето на директорот во 2015. година, Агенцијата за млади и спорт бара систематизирање и објавување оглас за позицијата Државен советник за спорт и млади. Целта на оваа работна позиција е:

*„вршање на најсложени задачи што бараат посебна самостојност и стручност, а кои се однесуваат на прашањеа од областа на спортот и младите, равивање и обединување на политиките во рамките на делокругот на институцијата и координирање и спроведување на таквите политики преку контрола врз програмите за спортски активности и младински политики, како и активности за поддржување и унапредување на спортот и фиизчката култура и вклучување на младите во јавните процеси од важност за Република Македонија. Поддржување на работата на функционерот кој раководи со органот.“*

Во однос на постапката водена од страна на АМС истата е регуларна. Следени се сите чекори што се потребни и водена е уредна документација за изборот и вработувањето на државниот советник за млади и спорт. При прибирањето на податоците за анализата, се побара целосна документација од сите институции инволвирани во изборот и вработувањето на Државниот советник за спорт и млади (АМС, МИОА и Агенцијата за администрација). МИОА на барањето за пристап до информации од јавен карактер достави одговор дека работното место државен советник за спорт и млади не е влезено во систематизација на регистарот и поради тоа не може да се изврши избор, што претставува давање спротиставени информации од страна на иституциите кои дополнително мора да се истражат. Агенцијата за администрација на барањето за доставување на листа на сите вршители на функцијата Државен советник за спорт и млади напоменува дека за таков податок е одговорно Министерството за информатичко општество и администрација.

## Сектор Спорт

Целта на Секторот Спорт е да помогне и да учествува во развојот на спортот, во сите негови сегменти, со опфат на голем број деца, млади и граѓани, така и со остварување на високи спортски резултати на најголемите светски и европски натпреварувања. Во својот делокруг на работа, Секторот ги опфаќа следниве активности и работи[12]:

- Следи, проучува и обработува прашања поврзани со системот и организацијата на спортот и меѓународната соработка во областа на спортот и предлага мерки за

11 *Закон за Владата на Република Македонија - “Службен весник на Република Македонија”* бр.59/2000 од 22.07.2000 год.

12 Податоците се извадени од страната на Агенцијата за млади и спорт, достапно на: < http://ams.gov.mk/za-agencijata/sektori/sektor-sport>

нивно унапредување и развој;
• ги следи состојбите во здруженијата, асоцијациите и во другите субјекти кои вршат дејност спорт;
• ја следи состојбата на стручните кадри во спортските здруженија и предлага мерки за нивно усовршување;
• ја следи мрежата на здруженија и асоцијации од областа на спортот и системот на натпревари и предлага мерки за унапредување, развој и стручно усовршување;
• ги следи специјалните спортски програми со талентираните ученици;
• ги следи спортските сктивности на студентите и граѓаните;
• подготвува Програма за развој на спортот;
• ја следи реализацијата на меѓународните спортски приредби и манифестации;
• предлага, планира и поттикнува меѓународна соработка во областа на спортот;
• ги следи активностите на Советот на Европа во областа на развојот на спортот и презема мерки за спроведување на конвенции и други меѓународни документи од областа на спортот прифатени на национално ниво;
• предлага и изготвува мерила и критериуми за стекнување на статусот, рангот, правата и обврските на врвните спортисти аматери;
• предлага и изготвува стандарди за здравствена контрола на учесниците во спортско рекреативните активности;
• предлага и изготвува мерила и критериуми за финансирање на дејноста, на спортот на децата, младината и спортско-рекреативна активност на граѓаните и врвниот спорт и го следи нивното спроведување;
• ги планира програмите потребни за остварување на дејноста;
• предлага и изготвува програми за меѓународна соработка во областа на спортот и ја следи нивната реализација;
• дава мислење по програми за меѓународна соработка кои ги изготвуваат и предлагаат други органи и установи;
• ги следи активностите на спортските здруженија од областа на спортот на граѓаните кои живејат и престојуваат во странство;
• предлага и изготвува документи за билатерална и мултилатерална соработка во областа на спортот и ја следи нивната реализација;
• ги врши стручните и административно-техничките работи на Советот за спорт;
• ја следи и поддржува издавачката дејност во областа на спортот;
• изготвува анализи, елаборати, осврти, информации, извештаии и други матерјали од областа на спортот; и
• прибира извештаи.

Во рамките на Сектор спорт фукнционираат четири одделенија со различни подднадлежности:

• Одделение за Национален спорт;
• Одделение за Меѓународен спорт и меѓународна соработка и поддршка на спортот;
• Одделение за Инспекциски надзор во спортот;
• Одделение за Регистрација на субјекти кои вршат дејност спорт;

### *Одделение за Национален спорт*

Како организациона единица во состав на Секторот за спорт, во својот делокруг на работа опфаќа  прашања поврзани со системот на организација на спортот на национално ниво; предлага критериуми и мерила правата и обврските на спортистите, аматерите, децата и младите и го следи нивното спроведување; го следи работењето на спортските здруженија и асоцијации, системот на натпревари и нивниот развој и напредок.

*Одделение за Меѓународен спорт и меѓународна соработка и поддршка на спортот*

Одделение за Меѓународен спорт и меѓународна соработка и поддршка на спортот е задолжено за претставување на спортот и спортистите на меѓународно ниво со тоа што ги следи, проучува и обработува прашањата поврзани со меѓународната соработка во областа на спортот и предлага мерки за нивно унапредување и развој. Ова одделение предлага, планира и поттикнува меѓународна соработка во областа на спортот, ги следи активностите на Советот на Европа во областа на развојот на спортот и презема мерки за спроведување на конвенции и други меѓународни документи од областа на спортот прифатени од државата. Ги следи активностите на спортските здруженија од областа на спортот на граѓаните кои живејат и престојуваат во странство, и организира меѓународни манифестации кои се одржуваат во земјата.

*Одделение за Инспекциски надзор во спортот*

Како организациона единица во состав на Сектор Спорт, во својот делокруг на работа ги опфаќа следниве активности и работи: врши инспекциски надзор врз работењето на спортски клубови, на Национални спортски федерации, други спортски асоцијации и субјекти кои вршат дејност спорт како и стручни спортски работници во државата. Ова одделение ја следи состојбата во спортските клубови, Национални спортски федерации, други спортски асоцијации и други субјекти кои вршат дејност спорт, врши надзор на исполнетоста на условите за вршење на дејноста спорт.

*Одделение за Регистрација на субјекти кои вршат дејност спорт*

Како организациона единица во состав на Сектор Спорт, во својот делокруг на работа ги опфаќа следниве активности и работи: прибира барања за издавање на решенија за врешење на дејност во соработка со Одделението за Инспекциски надзор во спортот, ја испитува основаноста на одделно барање за издавање на решение за дејностспорт, води регистар на субјекти кои вршат дејност спорт во државата и до Директорот на Агенција за млади и спорт подготвува и предлага издавање решенија за вршење на дејност спорт.

## Сектор за млади

Секторот за млади врши работи што се однесуваат на сферите на интерес и потребите на младата популација во земјата и признавањето на улогата на младите во развојот државата, како позитивна движечка сила и промотор на новите вредности во општеството и државата, придржувајќи се до Националната стратегија за млади којашто ги дефинира следните приоритети за дејствување на државните институции и младински здруженија на граѓани [13]:

• социјален развој и социјална интеграција на младите преку квалитетно формално и неформално образование;
• економски развој на младите преку младинското претприемаштво;
• подобрување на квалитетот на живеење на младите луѓе;
• активно учество на младите луѓе во јавниот живот и во процесите на донесување одлуки на национално и локално ниво.

Секторот млади своите задолженија, обврски и задачи ги извршува во двете одделенија:

• Одделение за младинска политика и тренинг;
• Одделение за меѓународна соработка.

13 Податоците се извадени од страната на Агенцијата за млади и спорт, достапно на: < http://ams.gov.mk/za-agencijata/sektori/sektor-mladi>

*Функции на Секторот млади:*

• развивање активна обрзовна политика, која ќе содејствува на потребите на младите, општеството и на глобалниот социјален и техничко-технолошки развој;
• промовирање еднакви можности за образование и културно осознавање на младите заради поттикнување на нивниот личен развој и развој во заедницата;
• признавање, подршка и развој на неформалното образование и неговите носители;
• воспоставување баланс и соработка помеѓу образованието и тренингот со пазарот на работна сила (понуда и побарувачка) и развојот на новите технологии;
• интеграција на младите во работниот процес, без оглед на социјалното и културното потекло;
• воспоставување партнерство помеѓу државните органи и приватниот сектор во областа на вработувањето на младите луѓе;
• подигање на нивото на квалитетот на живеење на младите луѓе преку користење на нивното слободно време во корисни и социо-едукативни активности и нивно формирање како одговорни и активни граѓани;
• поттикнување на свеста на младите за семејните вредности и грижата и солидарноста во заедницата и општеството;
• дистрибуција и пристап до информации и едукација на младите луѓе заради заштита на нивното здравје;
• координаран пристап кон државата и НВО секторот за заштитата на младите и промоција на здрав животен стил.

## Сектор капитални инвестиции

Секторот за Капитални инвестиции во областа на спортот и младите во својот делокруг на работа ги опфаќа следниве активности и работи: ги координира и спроведува активностите за планирање и извршување на работи на капитални инвестиции во областа на спортот и областа на младите. Технички ги подготвува работите за капиталните инвестиции и собира и изготвува документација за истите и го следи целиот процес при изведба. Исто така изготвува анализи, елаборати, осврти, информации, извештаии и други материјали што се однесуваат на капитални инвестиции во областа на спортот и младите.

## Сектор за човечки ресурси и стручна поддршка на Директорот

Секторот за човечки ресурси и стручна поддршка на Директорот, работи со целосна поддршка на Директорот преку внатрешно менаџирање на секторите и човечките ресурси, со изготвување и спорведување акти и прописи како и одржување односи со јавноста и транспарентно информирање за работењето на агенцијата. Овој сектор во својот делокруг на работата ги опфаќа следните активности и работи:

• Во соработка со ресорни органи дава стручни мислење и подговува предлози за донесување закони, нацрти и предлози на закони и други прописи и општи акти од неговиот делокруг и од областа на спортот и младите и се грижи за спроведување на законите и на другите прописи од областа на спортот и младите; изработува записници, решенија, одлуки, препораки, заклучоци и други документи и организира изработка на анализи, програми и планови што се во надлежност на Директорот или произлегуваат како задача од одржаните состаноци и средби и е одговорен за нивно чување и ракување. Ја организира, координира и спроведува работата во врска со остварувањето на соработка со секторите во Агенцијата, како и со другите органи на државната управа, со работните тела формирани од надлежните органи; со единиците на локалната самоуправа, со јавните установи и служби, со јавните претпријатија и со други организации и институции. Ги обединува и систематизира работните процедури, предметните планови и програми предложени од страна на одделенијата и секторите, како и плановите за материјално-техничко опремување

на одделенијата и програмите за стручно усовршување на вработените во нив и по нивното официјализирање од страна на Директорот на Агенцијата, одговорно е за нивно спроведување,
• Изготвува анализи, елаборати, осврти, информации, извештаи и други матерјали во надлежност на Агенцијата од областа на односите со јавноста и слободниот пристап до информации од јавен карактер и подготвува материјали и документи за конференции за печат на Агенцијата за млади и спорт, ја одржува со информации интернет-страницата на Агенцијата за млади и спорт, ја информира јавноста за прописите што се однесуваат на надлежноста на Агенцијата за млади и спорт, поврзани со регистарот на прописи објавени во службено гласило и издава информативни билтени и други облици на информирање. Ги подготвува и организира прес-конференциите и брифинзите, изготвува соопштенија и ги доставува до медиумите за објавување, подготвува и дистрибуира пропаганден материјал за потребите на Агенцијата, доставува покани за активности што ги организира Агенцијата, во негово име испраќа честитки во пригодни прилики, организира посети на Агенцијата од страна на заинтересирани групи и поединци. Го утврдува и организира протоколот за сите значајни настани што се случуват во Агенцијата (посети, состаноци, прес-конференции, брифинзи).
• Врши прибирање, селекција, класификација и анализа на информации содржани во средствата за јавно информирање и на Интернет што се однесуваат на Агенцијата и на неговите активности, соработува со медиумските куќи во земјата врз основа на разработена стратегија за соработка и соработува и координира активности со надворешни агенции за анализа на јавното мислење и однесување. Предлага, организира и реализира медиумска кампања за потребите на Агенцијата.
• Изготвува годишен, квартални и месечни планови за односи со јавноста, во кои се дефинираат целните групи, целта, поводот, содржината, начинот и динамиката на обраќање, начинот на евидентирање и документирање на обраќањето, како и следењето и документирањето на постигнатиот ефект кај целната група.

## Сектор за финансиски прашања

Секторот за финансиски прашања во својот делокруг на работа ги опфаќа следните активности:

• Ги координира и организира активностите од областа на финансиско-материјалното работење кои претставуваат системска поддршка за реализација на активностите на останатите организациони облици (сектори и одделенија) во Агенцијата.
• Финансиско-материјалното работење ги опфаќа следните активности: донесување и реализација на финансискиот план на Агенцијата, имплементирање на системот на финансиско управување и контрола што ги опфаќа приемот, изработката, евидентирањето и следењето на финансиски документи во согласност со постојните законски прописи, контролата и сметководственото евидентирање на финансиското и материјалното работење.
• Давањето стручна помош за активности што се поврзани со материјалното и финансиското работење.
• Го изработува планот за јавни набавки на стоки, услуги и работи и активностите во делот на реализацијата на јавните набавки што се извршуваат во согласност со Законот за јавни набавки.

Во склоп на Секторот за финансиски прашања функционираат четири одделенија:

• Одделение за буџетска координација;
• Одделение за буџетска контрола;
• Одделение за сметководство и плаќања;
• Одделение за јавни набавки.

*Одделение за буџетска координација*

Во делокругот на работата ги опфаќа следните активности и работи:
• Предлага работни процедури за одделението и по нивното донесување се грижи за нивното спроведување. Врши подготовка, изменување и дополнување на буџетот на АМС и го следи извршувањето на буџетот, изработува план за воспоставување на финансиското управување и контрола и изготвува информации и извештаи за неговото извршување;
• Изготвува предметен, финансиски план за работа и план за материјално-техничко опремување на одделението и предлага програма за стручно усовршување на вработените во одделението.

*Одделение за буџетска контрола*

• Врши контрола на финансиското и материјалното работење, предлага работни процедури за одделението и по нивното официјализирање се грижи за нивно спроведување, за што изработува записници и извештаи за извршените контроли;
• Прави процени на ризик на процесите на финансиското управување, контрола и врши ex ante буџетска контрола на целокупната документација пред да се изврши плаќање. Врши контрола на исплатна документација за плаќања во готово и врши готовински исплати во денари и странски валути. Одделението изготвува информации и извештаи за движењето на платите за вработените. Изготвува предметен, финансиски план за работа и план за материјално-техничко опремување на одделението и предлага програма за стручно усовршување на вработените во одделението.

*Одделение за сметководство и плаќања*

• Врши работи од областа сметководствената евиденција, платниот промет, готовински исплати и пресметка на плати и ја следи законската регулатива од оваа област. Врши сметководствено евидентирање на извршување на буџетот/финансискиот план, ex ante контрола на веродостојноста на севкупната сметководствена документација и сметководствено евидентирање на стасаните обврски. Сочинува исплатна документација и ја доставува на плаќање, сочинува извештај за планирани и потрошени средства по потпрограми, ставки и потставки.

*Одделение за јавни набавки*

• Врши работи од јавните набавки и ја следи законската регулатива од областа на јавните набавки, ја следи реализацијата на договорите за јавна набавка, дава инструкции и совети на комисијата за јавни набавки. Предлага работни процедури за одделението и по нивното официјализирање одговорно е за нивно спроведување, изработува годишен план за јавни набавки и го следи извршување на планот за јавни набавки.

# ВНАТРЕШНО РАБОТЕЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

За да утврдиме според кои закони и интерни акти Агенцијата за млади и спорт секојдневно работи, испративме барања за пристап до информации од јавен карактер до АМС, Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација и ги побаравме сите прирачници и правилници кои Агенцијата како државен орган треба да ги почитува.

## Акти кои го уредуваат финансиското работењето на АМС

Според добиените податоци, Агенцијата за млади и спорт при своето работење треба да ги почитува следниве акти усвоени од Министерството за финансии:

- Правилник за начинот на давање на овластување;
- Правилник за начинот на спроведување на општите финансиски процеси;
- Правилник за начинот на извршување на работите од надлежност на единицата за финансиски прашања;
- Стандарди за внатрешна контрола во јавниот сектор;
- Прирачник за финансиско управување и контрола;
- Правилник за начинот на споведување на внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет, преземање финансиски обврски и извршување на плаќања;
- Решение за внатрешна распределба;
- Насоки за раководна одговорност;
- Правилник за формата и содржината на извештаите и изјавата за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли;
- Уредба за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебната соработка, формата и содржината, роковите и начинот за известување за неправилностите;
- Решение за назначување на лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција;
- Насоки за спроведување на процесот на управување со ризици;
- Упатство за подготовка на стратегија за управување со ризици;
- Стретегија за управување со ризици;
- Насоки за управување со ризици;
- Правилник за начинот на извршување на внатрешна ревизија и начинот на изветсување на ревизијата;
- Меѓународни стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија;
- Правилник за повелбата на внатрешна ревизија;
- Повелба за внатрешна ревизија;
- Правилник за етичкиот кодекс на внатрешните ревизори;
- Прирачник за внатрешна ревизија - Упатсво за методите и техниките на внатрешна ревизија;
- Проценка на ризиците во планирањето на ревизијата - Водич за ревизорите за тоа како најдобро да се проценат ризиците при планирање на работите за ревизијата;
- Образец на Преглед на високи ризици рангирани во согласност со извршената проценка на ризиците во планирање на ревизијата - Ревизорски универзум;
- Насоки за подготовка на стратешки и годишен план за внатрешна ревизија;
- Стретаешки план за извршување на ревизијата во наредните три години;
- Годишен план;
- Организација и опис на работните места во единицата за внатрешна ревизија.

## Интерни правилници на Агенција за млади и спорт

Знаејќи ги подзаконските акти кои Министерството за финансии ги има пропишано и усвоено, сакавме да провериме колку од тие акти Агенцијата за млади и спорт ги применува во секојдневното работење. Според добиените податоци од Агенцијата за млади и спорт, правилниците, деловниците и интерните акти кои ја уредуваат работата на АМС се следниве:

• Правилник за внатрешна организација на Агенцијата за млади и спорт;
• Правилник за систематизација на работните места во Агенцијата за млади и спорт;
• Правилник за постапка и критериум за распределба на средства за остварување на јавниот интерес во спортот;
• Деловник за работа на стручниот колегиум на Агенцијата за млади и спорт;
• Правилник за утврдување на критериуми за наградување на државни службеници како и постапка за утврдување, пресметување и исплата на награди на државните службеници во Агенцијата за млади и спорт;
• Правилник за утврдување за начинот на упатување на службен пат, формата, содржината, начинот на пополнување и одобрување на патни налози и утврдување износи на дневници и превозни и други трошоци за извршени службени патување од страна на вработените во Агенцијата за млади и спорт;
• Правилник за формата, содржината, начинот на пополнување и одобрување на патните налози и износ на дневница за извршни службени патувања од страна на вработените во Агенцијата за млади и спорт;
• Правилник за формата, големината и содржината на печатите и штембилите како и начинот на нивно чување, употреба и евиденција во Агенцијата за млади и спорт;
• Правилник за определување начин за пресметување на плата и додатоци на плата, плата и додатоци на плата во случај на боледување, плата и додатоци на плата во слулај на инвалидитет, определување и пресметување на други надоместоци и заштита на вработените во Агенцијата за млади и спорт;
• Правилник за начинот на евидентирање и контрола на користење на работното време, определување на траење и користење на паузи, одмори и отсуства на вработените и анагажирани лица во Агенцијата за млади и спорт (изработен е но не е усвоен);
• Правилник за начинот и роковите за вршење на попис на средствата и изворите на средствата и усогласување на сметководствената со фактичката состојба во Агенцијата за млади и спорт;
• Процедура за управување со влезни и излезни фактури по спроведени постапки за доделување договори за јавни набавки;
• Процедура за управување со влезни фактури за мали набавки;
• Процедура за управување со влезни фактури - градежни ситуации;
• Процедура за обука на вработените во Агенцијата за млади и спорт;
• Процедура за работење на пријавница во Агенцијата за млади и спорт;
• Упатство за користење и управување со службени возила во Агенцијата за млади и спорт;
• Процедура за управување со влезни фактури за вода, струја, парно греење во Агенцијата за млади и спорт;
• Упатство за услови и начин на користење на апарат за топли напитоци;
• Правилник за употреба на апаратот за копирање во Агенцијата за млади и спорт;
• Правилник за начинот на примопредавање на материјално технички средства и документација;
• Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување трајност и заштита на обработка на личните податоци;
• Правилник за готовинско благајничко плаќање;
• Правилник за утврдување на критериумите на наградување на државни службеници како и постапка за утврдување, пресметување и исплата на наградите на државните службеници вработени во Агенцијата за млади и спорт;

Правилниците што произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци се изработени во 2016 година, и се добиени согласно препораките од Дирекцијата за заштита на личните податоци - ДЗЛП, но не се потпишани од претходното раководно лице на институцијата. Истото важи и за Правилникот за репрезентација, Правилникот за магацинско работење, Процедурата за реализација на проектот Достапна 22 администрација за лица со хендикеп како и за Правилникот за изготвување на начинот

на изготвување на изјава за безбедност, нејзината содржина како и податоците врз кои треба да се заснова процената на ризик.

Покрај барањата за доставување на правни акти и документи за внатрешно работење, беа испратени и низа барања за пристап до информации од јавен каректер за да се утврди колку регулативата која ја има на хартија Агенцијата за млади и спорт ја применува при секојдневното работење. Од добиените податоци, може да се утврди дека ни тие не се потпишани од тогашното раководно лице.Министерството за финансии одговори дека начинот за давање овластувања, согласно со член 8 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Министерот за финансии го има пропишано со Правилник за начинот за давање на овластување. Исто така, во прилог 8 од прирачникот за Финансиско управување и контрола, даден е образец на решение за давање генерално овластување за лицата за преземање финансиски обврски и за овластеното лице за плаќање Агенцијата за млади и спорт, за периодот 2014 - 2017, правото за давање на овластувања го искористила 17 пати, односно во 2016 биле дадени 8 овластувања, а во 2017 година до јули раководното лице дало 9 овластувања.

## БУЏЕТ И АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

Агенцијата за млади и спорт е буџетски корисник, што подразбира дека буџетот со кој располага е дел од буџетот на државата. Буџетот на АМС го претставуваат одобрените сретства, кои имаат утврдена намена за финансирање на тековните, капиталните и другите расходи и за извршување на активностите претставени преку секторите и одделенијата на агенцијата. Агенцијата изготвува барање за предлог буџет, врз основа на усвоената Фискална стратегија и утврдените максимални износи на одобрени средства, го доставува до Министерството за финансии за истиот да биде дел од буџетот на државата.

Министерството за финансии го изготвува буџетот на државата и доставува предлог на буџетот до Владата на усвојување најдоцна до 1 ноември во тековната година. Владата предлогот на буџетот го доставува до Собранието најдоцна до 15 ноември во тековната година. Собранието го донесува Буџетот на државата најдоцна до 31 декември.

Доколку буџетските корисници имаат потреба од дополнителни финансиски средства или пренамена на постоечките средства, постои посебна процедура за којашто е одговорно Министерсвото за финансии.

Во однос на процедурата за подготовка на буџет од страна на буџетските корисници и барањата од страна на Агенцијата за млади и спорт за прераспределба на буџет, Министерството за финансии одговори дека има Процедура за подготовка на Предлог Буџет на државата/Дополнет Предлог Буџет на државата, која е изготвена согласно со стандардот ИСО 9001:2008, но истата процедура не е доставена бидејќи станува збор за документ само за интерна употреба од страна овластени лица.

Во однос на барањето за тоа колку прераспределби на буџет има побарано Агенцијата за млади и спорт, Агенцијата во 2014 година има доставено 6 барања, во 2015 година 10 барања, во 2016 година има доставено 3 барања и во 2017 година има доставено 3 барања за прераспределба на буџетот. Во поглед на правилниците за класификација на расходи и Правилник за класификација на приходи, Министерството за финансиии одговори дека при поднесување на барањата за плаќање, буџетските корисници постапуваат согласно со Правилникот за класификација на приходите и Правилникот за класификација на расходите, кои се однесуваат на сите буџетски корисници. Оттука, Агенцијата за млади и спорт ги применува приходните и расходните шифри од правилниците како и секој буџетски корисник.
Од Министерството за финансии беа побарани и документ/правилник за

хармонизација и надзор на финансиското управување и контрола на Агенцијата за млади и спорт во 2014, 2015, 2016 и 2017 година. Министерството за финансии одговори дека согласно со член 11 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, раководителот на единицата за финансиски прашања спроведува надзор и го советува раководство на субјектот, особено за: контрола на буџетот (негова подготовка и извршување), ex ante финансиска контрола, контрола на извршувањето на утврдените политики и оперативното управување (надзор над целокупниот процес на внатрешното управување и контрола), сметководство, буџетско и финансиското известување, но и  го координира процесот за подготвување и изменување и дополнување на буџетот и стратешкиот план на субјектот, го координира процесот на развој, воспоставување, спроведување и одржување на финансиското управување и контрола, го координира процесот на сметководствено евидентирање за извршување на буџетот и подготвувањето на годишна сметка и Годишниот финансиски извештај од член 47 од овој закон, задолжително дава мислења по предлог актите што ги изготвуваат другите организациони единици во субјектот и предлог-актите на други субјекти кои имаат или може да имаат финансиски импликации за буџетот на субјектот, спроведува ex ante и  ex post  финансиска контрола, спроведува заштита на средствата и обврските чија вредност е евидентирана во билансот на состојба.

Хармонизацијата и надзорот врз финансиското управување и контрола на Агенцијата за млади и спорт, Централната единица за хармонизација ги врши преку следење и анализа на доставените документи (изводи од ситематизација, решение за давање генерални овластувања, решенија за внатрешна распределба и др.), годишните планови за развој на финансиското управување и контрола и обработка на доставените Годишни извештаи за работењето на единицата за финансиски прашања (согласно со Правилникот за формата и содржината на извештаите и изјавата за квалитетот и состојбата за внатрешните контроли од  Годишниот финансиски извештај, кој е објавен на веб-страната на Министерството за финансии, како и преку постојаната комуникација со единицата за финансиски прашања и тековното следење на состојбата на финансиското управување и контрола во Агенцијата, како и давање на насоки и упатства зависно од потребите.

## РЕВИЗИЈА, МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

Во насока на монторинг во Агенцијата за млади и спорт, Министерството за финансии на доставените барања за информации од јавен карактер одговори дека субјектите мониторингот треба да го спроведуваат според стандардот 24 и 25 од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор. Стандардот 24 предвидува субјектот од јавниот сектор да изготви планови и програми за оценување на внатрешната контрола, раководителот да обезбеди континуирана проверка и оценување на функционирањето на внатрешната контрола и нејзините елементи, а за нефункционирање или за други утврдени проблеми да се преземат корективни мерки, проверка на придонесот на внатрешните контроли кон остварување на целите, оцена на ефикасност која може да се однесува на сите цели или на некои од нив. Стандардот 25 дава рамка за внатрешната ревизија, односно уредува на кој начин субјектот од јавниот сектор треба да воспостави капацитети за внатрешна ревизија, начинот на кој внатрешниот ревизор ќе изготви извештај и ќе даде оцена, како и уредби кои определуваат што треба да содржи ревизорскиот извештај и препорачани мерки што одговараат на ревизорските извештаи, а кои раководителот ги утврдува за отстранување на слабостите утврдени со ревизијата. Во однос на документ/правилник за хармонизација и надзор на внатрешна ревизија на Агенцијата за млади и спорт во 2014, 2015, 2016 и 2017 година, Министерството за финансии одговори дека Централната единица за хармонизација во Министерството за финансии е надлежна за координација на развојот, воспоставувањето, спроведувањето и одржувањето на системот на јавна внатрешна системска контрола. Понатаму, секој субјект од јавниот сектор има можност да изготви свои интерни акти за извршување на внатрешната ревизија усогласени со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Исто така, секоја единица за внатрешна ревизија во субјектите од јавниот сектор може да подготви дополнение на прирачникот за внатрешна ревизија доколку има специфики во своето работење, но истото пред одобрување треба да го достави до Централната единица за хармонизација. Агенцијата за млади и спорт нема доставено до Централната единица за хармонизација прирачник за извршување на внатрешната ревизија на одобрување.

Во член 22 од Законот за државна ревизија, се наведуваат субјектите кои подлежат на државна ревизија, а дел од тие субјекти е и Агенцијата за млади и спорт, бидејќи се буџетски корисници. Државниот завод за ревизија (ДЗР) во својата годишна програма ги предвидува субјектите кои за тековната година ќе подлежат на ревизија. Агенцијата за млади и спорт изготвува стратешки тригодишен план за работата на одделението за внатрешна ревизија при АМС, кој се изготвува врз основа на Закон за јавна внатрешна финансиска контрола[1], Правилник за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата[2], Меѓународни стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија[3]. Стратешкиот план на одделението за внатрешна ревизија содржи активности и стратегии кои се предвидени да се спроведат во периодот за кој што е изработена стратегијата. Одделението за внатрешна ревизија изработува и годишен план, по кој се водат ревизиите за една календарска година. Внатрешната ревизија ја усмерува својата активност применувајќи планиран пристап за процена на ризик кон континуирано псотигнување на квалитет на работењето. Анализата и оценката за имплементација на овластениот државен ревизор од Државниот завод за ревизија и внатрешниот ревизор дадени во конечните извештаи, го формира позитивното мислење за отстарнување на слабостите и го истакнува стремежот за примена на регуларност,

1 Закон за јавна внатрешна финансиска контрола *„Службен весник на Република Македонија, бр. 90/09“*
2 Правилник за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата *„Службен весник на Република Македонија, бр. 136/2010“*
3 Меѓународни стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија *„Службен весник на Република Македонија, бр 113/2014“*

ефикасност и функционалност на работните процеси.

Агенцијата за млади и спорт ги достави сите спроведени внатрешни ревизии за периодот 2014-2017 година, нивниот план за ревизија, назначеното лице кое е финансиски контролор на Агенцијата, како и известување дека подлежеле на ревизија на Државниот завод за ревизија.

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ОД ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ ЗА 2012 ГОДИНА

Државниот завод за ревизија е надлежен за спроведување ревизија на државните институции, меѓу кои е и Агенцијата за млади и спорт. ДЗР изготвува годишен план за ревизија во кој ги наведува институциите што во таа година ќе подлежан на ревизија. Во резимето на конечниот извештај на Државниот завод за ревизија[1] за АМС од 2012 година најпрво се споменува дека е изразено негативно мислење за финансиските извештаи од 2007 година, како и негативно мислење во врска со наменското и законското користење на средства од страна на АМС. Со ревизијата спроведена во 2012 година, опфатени се и препораките дадени до АМС, а од страна на ДЗР во конечниот ревизорски извештај од 2007 година. Од вкупно 10 препораки, имплементирани биле 2 препораки, 3 биле делумно спроведени, 2 препораки не биле спроведени, додека пак 3 препораки не биле применливи. **Важно е да се напомене дека ревизорот во извештајот изразува негативно мислење за прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.**

Државниот ревизор констатирал дека АМС не воспоставила соодветни внатрешни контроли што треба да го обезбедат наменското и законското користење на средствата кои се трансферираат на Националните спортски федерации за реализација на нивните програми, односно ревизирот увидел дека распределбата на средства до Националните спортски федерации не се врши врз основа на воспоставени мерливи критериуми врз чиј основ ќе се определува висината на исплатените средства, додека пак склучените договори со Националните спортски федерации не содржеле одредби со кои би се прецизирала намената на одобрените средства. Дополнително, ревизорот во извештајот вели дека во текот на 2012 година, одредени Национални спортски федерации кои бележат ниско ниво на активности и имале мал број на регистрирани клубови и спортисти, добивале сличен или повисок износ на средства во однос на оние Национални спортски федерации кои имале значително повисоко ниво на активност, број на спортисти, клубови и остварени спортски резултати. За таа цел, ревизорот дал препорака раководното лице на АМС да преземе мерки кон тоа распределбата на средствата до Националните спортски федерации да се врши на начин кој што ќе се базира врз мерливи критериуми, кои би обезбедиле праведна финансиска поддршка на Националните спортски федерации, имајќи ги предвид активностите на федерации, бројот на спортисти и клубови, остварени резултати и финансиска отчетност. Понатаму, во врска со добивањето на средствата, доделувањето се одвива на начин што Агенцијата за млади и спорт склучува договор со Националните спортски федерации. Договорите кои се склучуваат не содржат одредби со кои дополнително се појаснуваат намените за кои може да се искористат одобрените средства, ниту пак била воспоставена обврска овие средства да се исплатат на посебна наменска сметка на Националните спортски федерации. Исто така, ревизорот наведува дека вака склучените договори не создаваат обврска корисниците на средствата да ги употребуваат доделените средства за намени за кои се побарани и овозможуваат трошење на средства за други цели. Препораката на ревизорот е стручните служби на Агенцијата за млади и спорт да извршат дополнување на одредбите од договорите со Националните

1 Конечен извештај од Државен завод за ревизија за Агенција за млади и спорт за 2012 година, http://dzr.mk/Uploads/1_13_AMS_smetka_637_16_KOMPLET.pdf

спортски федерации во врска со прецизирање на намената на одобрените финансиски средства. Член 24 од Законот за спорт како и одредбите помеѓу АМС и НСФ и даваат можност на АМС да врши контрола на наменското користење на средствата од Програмите кои се распределени на корисниците. Меѓутоа, според конечниот ревизорски извештај, наидуваме на голем број нерегуларности поврзани со контролата и начинот на користење на средствата.

Седум Национални спортски федерации на кои им биле исплатени средства не постапиле во согласност со одредбите од договорите кои ги склучиле со АМС и во согласност со Законот за спорт и не доставиле финансиски извештај за потрошените средства. Добиените фактури и сметки од одредени Национални спортски федерации се нецелосни и не го покриваат вкупниот износ на средства што се добиени од страна на Агенцијата за млади и спорт, ниту пак доставиле банкарски изводи каде што ќе може да се потврди вистинитоста на доставените фактури и сметки. Дополнително, со актот за систематизација на работните места на АМС не е воспоставена ниту пак е дадена надлежност на посебна организациона единица за вршење на контрола на наменското и законското користење средства што се доделени на Националните спортски федерации, што е во спротивност на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Исто така, одделението за внатрешна ревизија, извршило контрола врз три Национални спортски федерации, односно 6,5% опфат во однос на ислатените средства за една буџетска година. Според ревизорот овој процент не обезбедува задоволително ниво на опфатност на извршена финансиска контрола на трансферираните средства. Немањето на соодветен контролен финансиски механизам кој би го обезбедил трошењето на трансферираните средства до НСФ за претходно дефинирани намени за спортски активности, создава високо ниво на ризик за користење на средства за активности што не се поврзани со основната дејност на Националните спортски федерации. Со таа цел, ревизирот дал препорака одговорното лице на АМС да воспостави мерки кои би ја зајакнале дисциплината кај Националните спортски федерации во врска со доставување на наремена и целосна финансиска документација како и да се извршат промени во актот за систематизација, за да се зајакне контролата врз трошењето на средствата од страна на Националните спортски федерации.

Согласно со член 37-а и 37-б од Законот за спорт, на спортистите до 20 години, *државјани на РМ* кои имаат остварено резултати во одреден временски период на официјални државни и меѓународни натпревари во олимиписки и неолимписки спортови се здобиваат со статус *„спортист спортска надеж"*.

Според оваа уредба, Националните спортски федерации имаат обврска да достават ранг листа на спортистите, како и соодветен билтен со остварени спортски резултати како потврда на подготвените ранг листи на спортистите, со цел Агенцијата за млади и спорт да изврши соодветно и правилно оценување на исполнетоста на условите и критериумите за доделување на статусот спортист спортска надеж. Сепак, Државниот ревизор наишол на неколку недостатоци во работењето во оваа областа на Агенцијата за млади и спорт. Имено, ревизорот пред сѐ утврдил дека во апликациите кои се доставуваат од страна на Националните спортски федерации недостасуваат ранг листи на спортисти со билтени за постигнати резултати во индивидуалните спортови, а подзаконските акти не содржат одредби со кои се прецизирани критериумите за какви спортски резултати требало да исполнат спортистите кандидати за статус спортска надеж. Оттука постои можност, како што се вели во ревизорскиот извештај, за вршење на исплати на кандидати кои постигнуваат слаби спортски остварувања или се натпреваруваат во услови на недостаток на конкуренција. Извештајот вели дека Агенцијата за млади и спорт нема воспоставено контролен механизам заради проверка на извршувањето на обврските од страна на спортистите кои се стекнале со статусот спортска надеж. Оттука, постои ризик од вршење исплати на неактивни спортисти за време на периодот за кој се врши исплатата.

Ревизорскиот извештај содржи препораки насочени кон тоа комисиите на Агенцијата за млади и спорт да не ги прифаќаат апликациите доставени од Националните спортски федерации што не ги содржат сите потребни елементи за оценување на точноста на добиените ранг листи, како и одговорното лице при Агенцијата да воспостави контролен систем преку кој ќе се обезбеди исплата на надоместоци само на оние спортисти кои се активни. Една од клучните информации што можат да се увидат во ревизорскиот извештај е дека Агенцијата за млади и спорт финансиски не ги поддржала активностите на младите како една од областите за која со закон е основана и задолжена да ја следи состојбата, поради побарани, а неодобрени средства од *Буџетот на РМ*. Во извештајот се вели и дека непланирањето на средствата за младите во последните три години во буџетот на Агенцијата го доведува во прашање остварувањето на целите за развој и промоција на здрави животни стилови на младите, заштита од болести на зависност, организирање на младите и останатите области уредени со Законот за организација и работа на органите на државна управа.

Препораката од ДЗР е раководното лице на буџетскиот корисник во рамки на максималните износи на средства содржани во буџетскиот циркулар, во буџетското барање да алоцира средства и за млади како една од двете области за која оваа агенција е основна согласно со закон.

Важно е да се напомене дека во ревизорскиот извештај е утврдено дека Агенцијата за млади и спорт се јавува како страна во судски спор во врска со објектот во кој е сместен хотелот Магнус во Охрид. Имено, од добиената судска пресуда произлегува дека Агенцијата има право на користење на овој објект, но службите на Агенцијата не извршиле процена на вредност на објектот и истиот не бил воведен во сметководствената евиденција.

Во минатите години Агенцијата за млади и спорт има извршено инвестиции во опремување и адаптирање на овој објект со цел истиот да се понуди на користење на спортски екипи, но до денот на ревизијата, ревизорот увидел дека објектот не е користен за оваа намена.

## ВНАТРЕШНИ РЕВИЗИИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

Дел од барањата за информации од јавен карактер испратени до Агенцијата за млади и спорт побараа доставување на интерните акти за внатрешна ревизија која ги пропишува Министерството за финансии. Агенцијата достави акциски план за извршена ревизија на ефикасноста и ефективноста на системот за финансиско управување и контрола во Агенцијата за млади и спорт од 30.05.2016 година. Клучните препораки од оваа внатрешна ревизија се: формирање организациона единица за финансиски прашања како сектор или одделение, нагласување на раководни лица на клучните организациони единици - сектор за правни и финансиски прашања, сектор за спорт, инспекциска служба и одделение за правна поддршка во спортот, назначување на координатор за воспоставување на процесот за управување со ризици. Нагласено е дека е потребно системот за управување со информации да обезбеди информации за состојбата со приходи, трошоци, средства и обврски, а исто така и нефинансиски информации: информации од областа на спортот, постигнати резултати и цели, информации за ризиците, нивното влијание, информации за добавувачите.

Препорака од овој извештај е и редовно одржување на состаноци (колегиум) за да се дискутираат целите, работните планови, буџетот, постигнувањето на поставените цели итн. Колегиумот треба да дискутира за имплементација на активноста управување со ризици. Последната препорака е во однос на финансиските обврски, односно се нотира дека лицето што води сметководствена евиденција на обврските не треба да биде овластено лице за плаќање и дека тоа претставува судир на интереси бидејќи

лицето може да прикрива неправилности што самото ги направило. Благајникот треба да презема финансиски обврски, да одобрува плаќање на финансиски обврски, да води сметководствена евиденција на финансиските обврски. Лицето овластено за преземање на финансиските обврски треба да биде раководителот на единицата за финансиски прашања, согласно со член 9 став 2 од Правилникот за начин на спроведување на општите финансиски процеси.

Секој стратешки план за извршување на внатрешна ревизија на АМС содржи активности за следење на примена на препораките од претходниот извештај за внатрешна ревизија.

## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА НА СПОРТСКИ ФЕДЕРАЦИИ

Преку алатката за пристап до информации од јавен карактер, од Агенцијата за млади и спорт беше побарано да ги достави сите внатрешни ревизии што ги има направено, а во насока на контрола на финансиското работење на спортските федерации кои користеле финансиски средства од Агенцијата за млади и спорт. Беа доставени 19 акциски планови за извршена ревизија на 17 спортски федерации, кои содржеа препораки за федерациите заради унапредување на финансиското работење. Најчестите препораки се: приложување на соодветна документација како доказ за потрошени финансиски средства, уредување на сметководствените документи согласно со Законот за здруженија на граѓани и фондации[1] и архивирање согласно со Законот за архивски материјал, доставување копија од изводи до Агенцијата за млади и спорт со кои се документираат соодветни плаќања, детални прикази на субјекти за кои се направени соодветни трошоци, доставување на годишен финансиски извештај, почитување на прописите за службено патување во странство кои ги пропишуваат видовите трошоци кои се признаваат, писмено барање до АМС за пренамена на средства и почитување на одредбите од договорот за користење на доделени средства. Агенцијата за млади и спорт при правење на ревизија на спортските федерации собира и анализира податоци по што изготвува три извештаи, привремен, претходен и конечен извештај. Целта на ревизијата е да се изврши објективна и независна проценка која ќе даде разумно уверување на раководството на АМС дека системите за внатрешни контроли обезбедуваат сигурност и гаранција дека средствата доделени од АМС на федерациите се законски и правилно искористени.

## РАБОТА НА СЕКТОРОТ ЗА МЛАДИ ПРИ АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

Во рамките на Агенцијата за млади и спорт функционира посебен Сектор за млади. За да може да се утврди работата на овој Сектор, односно кои активности АМС ги спровела за млади за периодот 2014-2016, беа испратени тематски барања за пристап до информации од јавен карактер. Од добиените податоци, може да се заклучи дека во насока на младите, има минимален број проекти кои Агенцијата ги спроведува и дека тие се речиси исти секоја година.

Меѓутоа добиените одговори покажуваат дека Агенцијата за млади и спорт соработувала со други младински организации, а со дел од нив повеќе пати потпишале и меморандуми за соработка. Агенцијата за млади и спорт достави пет меморандуми за соработка со здружението на граѓани Коалиција СЕГА, склучени во периодот 2014-2017 година за соработка од областа на младите, младинското учество, младинското информирање и реализација на Националната стратегија за млади. Агенцијата исто така има потпишано меморандуми за соработка со Младински културен центар – Битола и меморандум за соработка со *Сојуз на извидници на Македонија*.

1 „Законот за здруженија на граѓани и фондации“ *Службен весник на Република Македонија*, бр. 52 /10 и 135/11 )

Агенцијата има потпишано два меморандуми за соработа со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, заради спроведување на заеднички проектни активности во насока на поддршка на институциите и структурите за младински политики, а вториот за општествена кохезија, за унапредување на правата на заедниците и за подобрување на интеграцијата со фокус кон образование и млади.

Важно е да се нотира дека во листата на реализирани проекти која ја има доставено АМС се спомнуваат уште 2 меморандуми, еден со студентски парламент (не е наведено кој) и еден со Центар за интеркултурен дијалог - Куманово. Иако се спомнуваат во листата на проекти, овие меморандуми не ни беа доставени на барањето за достава на меморандуми, па треба да се земе предвид можноста доставените податоци од АМС на ова барање да се нецелосни.

Во однос на консултативни средби, Секторот за млади при Агенцијата за млади и спорт има организирано 90 консултативни средби за креирање на Националната стратегија за млади 2016-2025, Акцискиот план за имплементација на НСМ 2016-2017 и Мониторинг план за следење на имплементацијата на НСМ 2016-2025 година. АМС во соработка со УНДП го водела процесот на изработка на Националната стратегија за млади, преку кој опфатила 50 консултативни средби преку промотивни настани, работни средби по тематски области и јавни дискусии. Дополнително АМС има спроведено уште 40 консултативни средби за НСМ, за кои не наведува дали се спроведени самостојно или во соработка со друг субјект. Преку овој процес одговараат дека опфатиле 180 лица.

Агенцијата за млади и спорт, според добиените одговори континуирано спроведува и други консултации за кои нема точна евиденција на бројот на одржани средби: *„Во однос на останатите консултативни средби и состаноци кои се одржани во АМС, а се однесуваат на политики за младинска работа и младинско информирање, не сме во можност да Ви дадеме точни податоци. На средбите учествуваа сите заинтересирани претставници на младински организации и млади луѓе.“*

За да се утврди колку младински и студентски организации добиле финансиска поддршка од Агенцијата за млади и спорт, до Секторот за млади беше упатено вакво прашање, на кое одговорот што беше добиен од институцијата е дека финансиски средства за таква намена не се предвидени и поради тоа Агенцијата за млади и спорт финансиски не поддржала здруженија на граѓани. Поради тоа, нема ниту објавени јавни повици за доделување на грантови, а единствената поддршка што АМС ја дала за младински организации се склучените меморандуми. Исто така, Агенцијата нема поддржано неформални групи и иницијативи во 2014, 2015 и 2016 година, поради тоа што за посочениот период, во буџетот за Секторот за млади не биле предвидени средства за таа намена. Понатаму, Агенцијата за млади и спорт нема поддржано здруженија, организации и индивидуи за претставување на државата на меѓународно ниво затоа што во Секторот за млади немало предвидено финансиски средства за вакви активности. Исто така, Агенцијата за млади и спорт немала предвидено средства за поддршка на граѓански организации за организација на настани во и надвор од државата за овој период.

За да се утврди соработката на Агенцијата за млади и спорт со другите институции кои се надлежни за младите, покрај испратените прашања до другите институции, беа проследени прашања и до Агенцијата за бројот на соработки со институции.

*„Агенцијата за млади и спорт – Сектор за млади е вклучен преку делегираните претставници во работните групи, редовните состаноци за прашања кои се од интерес на младите, како и следење на спроведувањето на политиките и активностите кои институциите ги имплементираат на полето на младите. Притоа, во однос на бројот на остварени соработки, Ве известуваме дека не сме во можност да ви дадеме точни*

*податоци со оглед на тоа дека комуникацијата и соработката се одвиваат тековно, согласно со надлежностите на институциите“.*

Истото може да се најде на сајтот на Агенцијата за млади и спорт, во Секторот за млади. На сајтот на Агенцијата за млади и спорт исто така може да се најде истражување направено од ИСППИ за младински трендови врз чија основа е направена Националната стратегија за млади 2016-2025 година.[1]

Министерството за труд и социјална политика има изготвено Стратегија за промовирање и развој на волонтерството 2010-2015, каде што како главни субјекти што ќе се залагаат за исполнување на начелата, целите и мерките е наведена и Агенцијата за млади и спорт. Сепак, нема детални информации колку Агенцијата за млади и спорт ги исполнила задачите што произлегуваат од Стратегијата.

**Во буџетот за 2016 година, Агенцијата за млади и спорт има избуџетирано 12 проекти за млади:**

1. Проект „Стоп за пороците кај младата популација“
2. Реализација на активности од НСМ (2016-2025)
3. Проект „Млади поети“
4. Проект „Урбан ѕид“
5. Проект „Млади уметници“
6. Проект „Најдобар млад програмер“
7. Проект „Чиста околина“
8. Хостирање на веб-порталот за млади
9. Градење на капацитетите на младинските организации и на локалните младински совети
10. Проект „Млади музичари“
11. Регионална канцеларија за младинска соработка на Западен Балкан (РИКО)
12. Проект „Студент фест“

**Во буџетот за 2015 година, Агенцијата за млади и спорт има избуџетирано 20 проекти за млади:**

1. Изработка на Национална стратегија за млади 2016 -2025
2. Проект „Најдобар млад програмер“
3. Презентирање на резултатите од истражувањето за младински трендови во државата
4. Проект „Млади уметници“
5. Локални младински совети
6. Реализирање на активности во рамки на потпишаниот меморандум за соработка со ОБСЕ
7. Соработка во рамки на проектот за млади на УНДП
8. Проект „Стоп за пороците – дрога, алкохол и цигари“
9. Соработка врз основа на потпишан меморандум со студентски парламент
10. Проект „Млади поети“
11. Имплементација на кампањата против говор на омраза
12. Тековни активности и задачи на Сектор млади
13. Изработка на извештајот по НПАА и следење на активностите предвидени со НПАА
14. Соработка со Центар за меѓукултурен дијалог – Куманово, врз основа на потпишан меморандум за соработка за признавање на младинскиот работник и младинската работа
15. Турнир на невладини организации
16. Одбележување на денот на младите

---

1 Истражување за младински трендови, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје, http://www.ams.gov.mk/images/dokumenti/mladi/Caik_Proekt.pdf

17. Меѓународен ден за елеминација на расната дискриминација
18. Одбележување на меѓународен ден на студенти
19. Светски ден на волонтерите
20. Одбележување на меѓународниот ден на човекови права

**Во буџетот за 2014 година, Агенцијата за млади и спорт има избуџетирано вкупно 14 проекти:**

1. Проект „Стоп за пороците кај младата популација“
2. Поддршка на Иницијативата за признавање и професионализација на младинската работа
3. Проект „Млади поети“
4. Проект „Млади уметници“
5. Проект „Урбан ѕид“
6. Потпишан Меморандум за соработка за млади со Мисијата на ОБСЕ во Скопје
7. „Гласот на младите, граѓански ангажман и учество на локално ниво“
8. „Најдобар млад програмер“
9. Локални младински стратегии
10. Локални младински совети
11. Национална кампања против говор на омраза – проект на Совет на Европа
12. Проект „Чиста околина“
13. Веб сајт млади.амс.мк
14. Истражување за младински трендови

Во насока на буџетираните проекти кои Агенцијата за млади и спорт ги спроведува во периодот 2014-2016 година, може да се забележи дека има проекти што се повторуваат секоја година. Агенцијата нема предвидено мерење на ефективност и импакт кој го имаат постигнато ваквите активности, а истите не се целосно комплементарни со предвидените области од Националната стратегија за млади. Во таа насока, нејасно е на кој начин АМС ги избира проектите за млади кои ќе бидат реализирани, но и како одлучува истите да ги повторува три години по ред, кога нема спроведено евалуација за постигнатите резултати.

## Соработка меѓу Агенцијата за млади и спорт со други државни институции во насока на креирање младински политики

Со цел да се утврди степенот на соработка помеѓу Агенцијата за млади и спорт и останатите институции кои се надлежни за сегменти од животот на младите или кои спроведуваат активности за млади, притоа немајќи законска регулатива која ги обврзува на тоа, беа испратени барања за информации од јавен карактер до осум институции. Од добиените одговори, можеме да се утврди дека меѓусебната координација при креирање на младински политики е на незавидно ниво, а вклучувањето на сите засегнати институции е минимално.

Барања за пристап до информации од јавен карактер беа доставени до институциите[1], за добивање на релевантни податоци за анализата, во опсегот на делување на институцијата. Но за да се увидат неколку клучни аспекти за анализата, до сите институции беа пратени пет прашања:

• Колку соработки има остварено институцијата со Агенцијата за млади и спорт во 2014, 2015, 2016 и 2017 година? Доставете ни информација за видот на соработките кои биле заеднички реализирани.
• Колку меморандуми за соработка има потпишано институцијата со Агенцијата за млади и спорт во 2014, 2015, 2016 и 2017 година? Доставете ни информација за склучените соработки како и целта заради која биле склучени.
• Колку заеднички проекти имате реализирано со Агенцијата за млади и спорт во 2014, 2015, 2016 и 2017 година? Доставете ни информација за видот на проектите кои биле заеднички реализирани.
• Колку пати институцијата ја има консултирано Агенцијата за млади и спорт при креирање на политики? Наведете за каков тип на политики Агенцијата за млади и спорт била консултирана.
• Наведете на кој начин институцијата ја консултирало Агенцијата за млади и спорт.

### Агенција за администрација

До Агенцијата за администрација испратени беа пет барања за пристап до информации од јавен карактер. Агенцијата за администрација информира дека не била консултирана ниту учествувала во креирањето на политики од областите кои се однесуваат на младите и спортот, согласно со член 14 од Законот за административни службеници. Во однос на соработка помеѓу Агенцијата за администрација и Агенцијата за млади и спорт, во годините 2014, 2015 и 2016 година не се случиле соработки, ниту двете агенции потпишале меморандум за соработка. На барањето за доставување на листа на државни службеници кои ја вршеле функцијата државен советник за млади и спорт во 2014, 2015, 2016 и 2017 година, Агенцијата за администрација одговара дека таа не е надлежна за водење на регистарот на државни и јавни службеници, односно дека тоа е во надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација.

### Министерство за финансии

Истите прашања беа доставени и до Министерството за финансии, односно дали е консултирано од страна на АМС за креирање на политики за млади, дали и какви соработки имале со АМС и дали е потпишан меморандум за соработка помеѓу Министерството и Агенцијата. На сите прашања Министерството за финансии одговара дека по спроведен увид на документација, заклучуваат дека не располагаат со бараните информации.

### Министерство за локална самоуправа

Според добиените одговори од институцијата, Министерството за локална самоуправа

1 Агенцијата за млади и спорт, *Влада на Република Македонија*, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, Министерство за култура, Министерство за локална самоуправа, Министерство за информатичко општество и администрација и *Агенција за вработување на Република Македонија*

нема остварено соработка со Агенцијата за млади и спорт во периодот 2014-2017 година, нема потпишано меморандум за соработка со АМС, нема реализирано заеднички проекти со АМС. Исто така согласно со своите надлежности, досега немало изразена потреба од директна консултација на Агенцијата за млади и спорт од страна на Министерството за локална самоуправа при креирањето на политиките на Министерството. Важно е да се нотира дека во Националната стратегија за млади, Министерството за локална самоуправа стои како надлежна институција во дел од стратешките области и мерките предвидени за исполнување на стратешките области.

## Министерство за образование и наука

На доставеното барање до Министерството за образование и наука за тоа колку заеднички проекти реализирале МОН и Агенцијата за млади и спорт, МОН одговара дека заеднички учествувале во организација на „Европска недела на спортот" во 2015 година и 2016 година по поднесена иницијатива во Европската комисија. Исто така, Министерството одговара дека заедно со Агенцијата за млади и спорт и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" имаат потпишано меморандум за соработка за поддршка на реализација на Програмата за развој на спортот во Република Македонија за периодот 2013-2017 година донесена од страна на Владата заради формирање на Институт за спорт за научна поддршка на спортот и физичкото воспитување, при Факултетот за физичка култура во Скопје.

Министерството исто така одговори дека со Агенцијата за млади и спорт во соработка со Федерацијата на училишен спорт во 2014, 2015, 2016 и 2017 година редовно ги организираат државните училишни спортски натпревари. Спортските натпревари се организираат во текот на целата училишна година во повеќе спортски дисциплини. Во текот на месец јуни секоја година, министерството, агенцијата и федерацијата организираат и училишен спортски камп во кој се натпреваруваат најдобрите ученици по сите спортови. МОН во соработка со Агенцијата за млади и спорт во 2014 година ја креирале веб страната www.sportskiigri.mon.gov.mk. Министерството за образование и наука при редовна комуникација со Агенцијата за млади и спорт добива известување за тоа колку училишни спортски клубови се запишани во Регистарот за училишни спортски клубови кој го води Агенцијата.

Министерството и Агенцијата континуинирано соработуваат во делот на непречено функционирање на државното средно училиште Спортска академија, основано во 2014 година. Согласно со Законот за спортска академија, посебните критериуми за тренер на академијата ги пропишува министерот на предлог на соодветната национална спортска федерација, а по претходно мислење од Агенцијата за млади и спорт и добиена согласност од Владата. Министерството за образование и наука и Агенцијата за млади и спорт редовно и континунирано остваруваат консултативна соработка во делот на изградба на училишни спортски сали, кои се финансираат од буџетите на двете институции. Во рамки на проектот „Борба против допингот на спортот - чист спорт", Министерството за образование и наука формирало работна група со претставници од Агенцијата за млади и спорт, Институтот за спорт, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Институтот за физиологија како и *Институтот за Акредитација на Република Македонија*.

Во насока на тоа колку пати и за што Министерството за образование и наука ја консултирало Агенцијата за млади и спорт, од одговорите кои беа добиени може да се заклучи дека вакви консултации се случиле повеќе пати. Министерството одговори дека при изготвување на *„Сеопфатна стратегија за образованието на Република Македонија*" за 2017-2020 година ја канеше Агенцијата за млади и спорт при одржување на средбите, консултациите, дискусиите, дебатите и конференциите за утврдувањето на предизвиците и приоритетите на Стратегијата. Стратегијата беше и јавно објавена на веб страната на Министерството за да можат сите да дадат свој придонес кон истата.

Агенцијата за млади и спорт преку свој претставник учествува во Работната група одговорна за Поглавје 3.26 од НППА- Национална програма за усвојување на правото на ЕУ, за кое координатор е Министерството за образование и наука. Министерството за образование и наука и Агенцијата за млади и спорт исто така одржуваат работни

средби и состаноци на кои се консултираат за работите кои се од делокругот на работењето на двете институции. Агенцијата била консултирана и при донесување на измените на Законот за основното и Законот за средно образование со кои се воведуваат измени во делот на училишниот спорт и во задолжителната законска обврска на училиштата за основање на училишен спортски клуб. Во делот на училишниот спорт, Агенцијата за млади и спорт била консултирана и при донесување на Законот за спортска академија, со кој се основа Спортска академија како посебен правен субјект, односно државно средно училиште.

## Министерство за информатичко општество и администрација

МИОА одговори дека по барање на Агенцијата за млади и спорт, во два наврати, во 2015 и 2016 доставило мислења до Агенцијата во врска со Предлог-националната стратегија за млади (2015-2025).

Министерството на барање на Агенцијата за млади и спорт во 2014 година доставило известување дека нема забелешки на Информацијата за реализација на проектот „Информатички спортски систем“ и дека ги поддржува активностите за воведување Информатички спортски систем на национално ниво. До Агенцијата за млади и спорт во 2014 година од страна на Министерството за информатичко општество и администрација е доставена номинација за член и заменик член кои ќе бидат вклучени во процесот на изготвување на нова Национална стратегија за млади. Министеството за информатичко општество и администрација доставило и одговор во врска со барањето на Агенцијата за млади и спорт за доставување информација за реализирани активности согласно со Акцискиот план за имплентација на мерките од НСМ за 2016-2017 година. Понатаму, во 2016 година Агенцијата за млади и спорт до ресорното министерство доставила КАФ - План за подобрување на состојбата.
Во однос на барањето за доставување на целосната документација за избор на државен советник за млади, Министерството одговори дека според Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за информатичко општество и администрација не е систематизирано работно место Државен советник за млади и спорт во 2014, 2015, 2016 и 2017 година, поради тоа што не можел да биде распишан оглас за пополнување на такво работно место, што претставува податок кој е спротивен на одговорите добиени од АМС, кои воделе регуларна постапка за избор на Државен советник за спорт и млади.

## Министерство за труд и социјална политика

До Министерството за труд и социјална политика беа испратени барања за пристап до информации од јавен карактер со следниве прашања : „ Колку соработки има остварено институцијата со Агенцијата за млади и спорт во 2014, 2015, 2016 и 2017 година?“; „Доставете ни информација за видот на соработките кои биле заеднички реализирани“;  „Колку меморандуми за соработка има потпишано институцијата со Агенцијата за млади и спорт во 2014, 2015, 2016 и 2017 година?“; „ Доставете ни информација за склучените соработки како и целта заради која биле склучени.“; „Колку заеднички проекти имате реализирано со Агенцијата за млади и спорт во 2014, 2015, 2016 и 2017 година?“; „Доставете ни информација за видот на проектите кои биле заеднички реализирани.“; „ Колку пати институцијата ја има консултирано Агенцијата за млади и спорт при креирање на политики?“; „Наведете за каков тип на политики Агенцијата за млади и спорт била консултирана.“; „ Наведете на кој начин институцијата ја консултирало Агенцијата за млади и спорт“.  На прашањата, Министерството одговори дека не располага со бараните инфорации.

## Министерство за култура

Од Министерството за култура беше добиен одговор дека Министерството и Агенцијата за млади и спорт во периодот 2014-2017 година немаат реализирано заеднички проекти со Агенцијата за млади и спорт, меѓутоа тековно се информираат за настани и за случувања кои се од доментот на работа на Агенцијата за млади и спорт и Министерството за култура.

Националната комисија за УНЕСКО прави консултации со Агенцијата за учество на

претставници на Младинските форуми на УНЕСКО. Исто така се вршат и консултации во однос на меѓународните конвенции на УНЕСКО против допинг во спортот. Во периодот од 2015-2016 година, Министерството за култура било вклучено во изработката и носењето на Националната стратегија за млади (2015-2025), во делот наменет за култура. Соработката помеѓу овие две институции продолжила и во насока на носење Акциски план за имплементација на мерките на НСМ за 2016-2017 година, како и за воспоставување систем и утврдување Методологија и оперативен план за мониторинг и евалуација на спроведувањето и ефектите од Националната стратегија за млади. На прашањето дали Министерството за култура и Агенцијата за млади и спорт имаат потпишано меморандум за соработка, Министерството одговара дека нема информации во однос на наведеното прашање.

### Агенција за вработување

Барањата за пристап од информации од јавен карактер испратени до Агенцијата за вработување беа: „ Колку соработки има остварено институцијата со Агенцијата за млади и спорт во 2014, 2015, 2016 и 2017 година?“; „Доставете ни информација за видот на соработките кои биле заеднички реализирани“; „Колку меморандуми за соработка има потпишано институцијата со Агенцијата за млади и спорт во 2014, 2015, 2016 и 2017 година?“; „ Доставете ни информација за склучените соработки како и целта заради која биле склучени.“; „Колку заеднички проекти имате реализирано со Агенцијата за млади и спорт во 2014, 2015, 2016 и 2017 година?“; „Доставете ни информација за видот на проектите кои биле заеднички реализирани.“; „ Колку пати институцијата ја има консултирано Агенцијата за млади и спорт при креирање на политики?“; „Наведете за каков тип на политики Агенцијата за млади и спорт била консултирана.“; „ Наведете на кој начин институцијата ја консултирало Агенцијата за млади и спорт“.

Во добиениот одговор, Агенцијата за вработување информира дека таа е една од институциите кои биле вклучени во изготвување на Националната стратегија за млади и акциски планови кои произлегуваат од неа, преку работлница на која биле дефинирани индикаторите за областа вработување. Врз основа на дефинираните индикатори биле поставени и целните вредности на годишно ниво. Со цел Агенцијата за млади и спорт да го комплетира системот за мониторинг и евалуација, во јули 2017 година, бил одржан состанок на кој се разгледувале поставените индикатори и целни вредности, но и разгледување на извештајот на АВРМ за 2016 година кој е основен извор на податоци за потребите на системот на мониторинг и евалуација, а во насока на следење на системот за унифицирано прикажување на податоците по индикаторите.  Исто така, улогата на Агенцијата за вработување се сведувала на доставување периодични извештаи за остварувањата по индикатори утврдени од Националната стратегија за млади.

### *Влада на Република Македонија*

До Владата беа испратени три барања за информации од јавен карактер за барања од Агенцијата: „Доставете ни информации за прераспределба на буџетот и типот на прераспределба“; „Доставете ни ги извештаите за работата на Агенцијата за млади и спорт за 2014, 2015, 2016 и 2017 година“ и Доставете ни информации за распределба на средства од раздел 161.01, потпрограма 20 - спорт, ставка 463 - трансфери до невладини организации“. Владата трите барања ги препрати до Агенцијата за млади и спорт, препознавајќи ја како потенцијален имател на информацијата.

# ПЕРЦЕПЦИЈА
# НА МЛАДИТЕ ЗА
# РАБОТЕЊЕТО НА
# АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ
# И СПОРТ

Изминатите години работењето на Агенцијата за млади и спорт често беше критикувано за затвореност и за отсуство на фокус за една од областите за кои е надлежна – младите и младинските организации. Како единствената институција која директно е одговорна за младите, АМС беше одоговорна за имплементација на Националната стратегија за млади 2005-2015 година, во која се креираше само еден акционен план, додека воопшто немаше соодветна анализа на потребите на младите, за буџетот и реализацијата на стратегијата. АМС по завршување на НСМ 2005-2015 мораше да отпочне процес на креирање на нова стратегија, меѓутоа тоа го направи без претходна евалуација на постигнатите резултати преку НСМ 2005-2015та. Процесот беше критикуван поради слабата транспарентност и квалитет. Акцискиот план за 2016 и 2017 беше креиран на избрзан начин, медотолошки несоодветен со оскудна содржина на која реагираа дел од младинските организации, но нивните предлози не беа прифатени.

Оттука се јави потребата во анализата на целокупното работење на АМС да се вклучи и перцепцијата на младите и членовите на младински организации, со цел да се лоцираат недостатоците во работењето и да се креираат препораки кои ќе обезбедат сеопфатен пристап во справувањето со младинските предизвици.

За да се увиди перцепцијата и искуството на младите и младинските организации со работењето на Агенцијата за млади и спорт се користеше дескриптивно-експликативен метод и комбинирање на два истражувачки инструменти: анкетирање (кое се спроведе посебно за младинските организаци и посебно за младите кои не се членови и/или вработени во некоја од младинските организации) и фокус-групи со членови на младински организации за добивање на длабински информации и креирање на препораки.

Инструментот на анкетирањето беа кестионери (анкетни прашалници). Анкетните прашалници се составени од прашања од отворени и полуотворени прашања, се однесуваа на ставовите и перцепцијата за различни аспекти на работењето на Агенцијата за млади и спорт. Прашалникот е специјално изработен за ова истражување со комбинирање на прашања од повеќе прашалници, и за негово пополнување се потребни од 10-15 минути.

Анкетирањето беше спроведено помеѓу млади кои членуваат или работат во младинска организација и млади кои не се дел од некоја младинска организација. Беа испитани вкупно 124 испитаници, на возраст од 16-29 години, во периодот октомври-ноември 2017та година. 49 од испитаниците беа млади луѓе, а 75 од анкетираните се претставници на младински организации. Анкетирањето беше преку онлајн прашалник на страницата surveymonkey.com, додека анализата на податоците се направи преку софтвер за статистичка обработка SPSS.

График 1:
**Број на испитаници**




Пред да се анализира прашалникот важно е да се напомене дека на првото прашање „Дали членувате во некоја младинска невладина организација (здруженија на граѓани, младинска/студентска организација) “ одговориле 401 испитаник. Овој број драстично се намалува веќе на следното прашање каде што требаше испитаникот да даде низа оцени за работењето на АМС. Односно додека на првото прашање

одговориле 401 испитаник, прашалникот до крај го пополниле 124 испитаници.

Добиените резултати од младите и од членовите на младинските организации кои го пополниле прашалникот за работата на АМС се поразителни. Перцепцијата за општата состојба на младите на нционално ниво е дека е прилично лоша, бидејќи средната оцена е 2.35 и 2.04.

График 2: **Како би ја оцениле состојбата со младите во државата**, на скала од 1 до 5 (во прилог, средна оцена):




За да се добијат повеќе информации, истото прашање беше поставено и на фокус групата: *„Општо земено, како би ја оцениле состојбата со младите во Република Македонија“*. Учесниците генерално одговорија дека има одреден прогрес во однос на активизмот и апатијата на младите. Сепак, тие укажаа дека истиот овој прогрес не е доволен, односно дека не се однесува на сите млади туку само на дел од нив. Имено, учесниците укажаа на фактот дека најголем број од младите кои биле активни, биле во периодот на зачетоците на Студентскиот Пленум, и дека по згаснување на целото движење, младината повторно се вратила во истата состојба на апатија.

• *.....не сметам дека се разбуди младината, туку дел од младината, мал процент, не се разбудија младите, туку одредени луѓе кои имаа желба. Лична перцепција за 2014. Променет е одреден дел, што реши дека или ќе си оди или ќе остане и ќе смени нешто и ќе биде многу гласен......*

Учесниците нагласија и дека активизмот на младите бил претежно сконцентриран во главниот град, додека во другите делови од државата, ситуацијата останала непроменета или пак дошло до мала промена.

• *...ако зборуваме за младите во Скопје, да, имаше придвижување во однос на активизам, се појавија движења, додека во остатокот од РМ, надвор од Скопје, не се промени ситуацијата така. Можеби нешто се појави, ситни појави на активизам, бунтовност, но мислам дека сепак не е доволно.....*

*.....Но ако ја гледаме пошироката слика тоа беше само едно меурче,. бидејќи ако гледаме во источниот дел на земјата и слично, нема многу разлики освен на бројот на заминати. Не верувам дека нешто многу е сменето во тоа како се чувствуваат......*

Дополнително од графикот може да се увиди и која е перцепцијата за општото работење на Агенцијата за млади и спорт. Според оценувањето перцепцијата на испитаниците е дека АМС во изминатите години потфрлила во повеќе сегменти во своето работење. Комуникацијата и транспарентноста на АМС кон јавноста се оценети

со просечна оцена под 2,5 што е индикатор и за нискиот степен со запознаеност на младите со работата на АМС. Споредено со прашањето „Кои се најголемите успеси на АМС во изминатите години“, ќе се увиди дека Агенцијата е перцепирана како институција која нема некои успеси во изминатиот период и како Агенција за спорт, односно тело задолжено за спорт и спортски манифестации.

График 3:



График 4:

| | Млади | Младински организации |
|---|---|---|
| Промоција на младински права | 8.16 | 2.67 |
| Соработка со млади и младински организации | 6.12 | 12 |
| Вклучување во процесите на креирање на младински политики | 4.08 | 8 |
| Промоција на слободата на изразување кај млади | 4.08 | 4 |
| Информирање на младите | 6.12 | 4 |
| Поттикнување и промоција на младинско организирање | 4.08 | 5.33 |
| Спорт и спортски манифестации | 28.57 | 36 |
| Соработка со министерства надлежни за млади | 6.12 | 5.33 |
| Сметам дека нема такви | 42.86 | 34.67 |
| Не знам/не сакам да одговорам | 24.49 | 20 |

На фокус-групата, голем број од учесниците рекоа дека се запознаени со постоењето Агенцијата за млади и спорт, но дека не се упатени во нејзината работа и нејзините функции. Нагласија дека примарниот фокус на Агенцијата бил спортот, додека пак младите, како составен дел од оваа Агенција биле изоставени.

На прашањето колку Агенцијата за млади и спорт со своето работење придонесува за младите во државата, учесниците изразија негативни одговори, односно дека не се задоволни од работата на агенцијата во однос на младите.

*„... младите беа само декор во името на Агенцијата за млади и спорт....“*

*„....мене ми беше фасцинантно што, Агенцијата колку што не се грижеше за младите, толку се грижеше за нејзината репутација...“*

*„..... повеќе има направено за спортот, но за младите ништо.....“*

*„......поатрактивно беше да кажат дека направиле 100 терени, отколку супер документ за на пример студентско организирање....“*

*„....моја конклузија е дека беа прилично затворени во однос на слушање на потребите на младите.....“*

Комуникацијата и соработката меѓу АМС и младинските организации во изминатите години била ретка, а најчесто соработката се однесувала на заедничко учесвто во работни групи, обуки, трибини и слично. Дел од организациите соработувале и на проекти, и имаат потпишано меморандум за соработка со АМС во перодот од 2014та, 2515та и 2016та година.  Официјалните соработки ги посочи и АМС преку одговорите на барањата за пристап на информации од јавен карактер, каде што потенцираа дека имаат потпишано 7 меморандуми и повеќе од 50 консултативни средби. Покрај „лошото искуство“ со АМС, сепак младинските организации (повторно) би оствариле соработка со АМС и ја перцепираат како важен двигател во младинските политики.

График 5:
**Младински организации**




График 6:
**Млади**




График 7:
**Просечна оцена на соработката со АМС**



График 8:
**Дали повторно би соработувале со АМС?**




Учесниците во фокус-групата исто така  укажаа на фактот дека имале слаба соработка со Агенцијата, дека дел од нив немале никаква формална соработка ниту пак потпишан меморандум. Посочија дека многу мал број организации соработувале со Агенцијата, а и преовладуваше ставот дека Агенцијата ја врши својата работа непрофесионално и неадекватно, особено при процесот на избор на младински преставник во Регионалната канцеларија за младинска соработка за Западен Балкан ( РИКО).

*„....треба да се почне од долу, кој, што, како... прво да се детектира конкретниот проблем за да знае Агенцијата што да работи....“*

*„.......Во првиот случај, по првата средба бев исклучена од комуникацијата на работните средби. РИКО (РКМС) процесот, еден од највалканите и најнетранспарантните процеси во земјава. До 2017 година немам ниедно позитивно искуство со АМС. Освен што не сум задоволна од процесот, не сум задоволна ниту пак од производот.......“*

*„...... немаат сопствен организациски аспект  да делуваат самостојно.....“*

*„.........ние имаме потпишано меморандум за соработка, но претходно секој обид за соработка беше нула, никаква респонзивност.......“*

*„....очигледно некои организации имале супер соработка со Агенцијата за млади и спорт, иако јас ниедна од нив не познавам...“*

Учесниците во емпириско истражување за перцепцијата на младите и младинските организации за целокупната работата на Агенцијата за млади и спорт, дадоа препораки за тоа каде таа треба да ја насочи својата работа. Најголем процент сметаат дека треба АМС да се вклучи во процесите на креирање на младински политики, да поттикнува и промовира младинско организирање и да биде поддршка на младите во различни полиња.

График 9:
**Каде да ја насочи АМС својата работа во наредниот период?**

| | Млади | Младински организации |
|---|---|---|
| Неформално образование | 16.33 | 34.67 |
| Промоција на младински права | 34.69 | 49.33 |
| Вклучување во процесите на креирање на младински политики | 32.65 | 61.33 |
| Промоција и слобода на изразување кај младите | 30.61 | 30.67 |
| Информирање на младите | 48.98 | 52 |
| Поттикнување и промоција на младинско организирање | 30.61 | 56 |
| Градење на капацитетите на младите за зголемување на конкурентноста на пазарот на труд | 44.9 | 38 |
| Спорт и спортски манифестации | 63.27 | 40 |
| Работа со локални младински совети | 32.65 | 41.33 |
| Соработка со министерства надлежни за млади | 30.61 | 37.33 |
| Поддршка  на телаентирани средношколци и студенти на меѓународни натпревари | 63.27 | 52 |
| Поддршка на општините за креирање на локалните младински стратегии и нивна реализација | 46.94 | 50.67 |
| Друго | 4.08 | 0 |

Во насока да се подобри и да стане поефикасна работа на Агенцијата за млади и спорт учесниците на фокус-групата дадоа препораки како да се промени досегашниот тип на работа и институцијата да се отвори  за соработки со младинските организации.

*„......Треба да се направи некој вид  програма, да се  презентира,  на крајот од годината да направи евалуација што направила Агенцијата и кои се резултатите од истата, со цел да се види дали е постигната некоја разлика ....“*

*„......се надевам во поефективна комуникација со целна група млади......“*

*„......Да се ажурира веб-сајтот, да личи за млади. Присутноста на социјални медиуми е катастрофа. Да продолжи трендот директорот да биде присутен на конференции, собранија.. чекор во правилна насока. Да се формализира односот на Агенцијата за млади и спорт  со Националниот младински совет на Македонија.....“*

*„....Првенствено да ја подобри соработката, да ги зајакне капацитетите. Да направи анализа дали има потреба од 5 луѓе за во некој сектор....“*

# ЗАКЛУЧОК

Агенцијата за млади и спорт, како единствено тело директно надлежно за млади би требало да е носител на сите процеси за креирање на младинските политики и проекти за млади.  Според анализата на добиените податоци од институциите може да се заклучи дека соработката помеѓу Агенцијата за млади и спорт и другите органи на државната управа, како и институциите на локално ниво е на многу ниско ниво. Речиси не се спроведуваат заеднички проекти, нема уредна документација, и има малку иницијативи, меморандуми за соработка или спроведени консултации.

Соработката со младите и младинските организации е на ниско ниво. Во изминатите години евидентно е дека агенцијата делувала сегрегирачки кон младинските органзации и соработувала селективно само со малку од нив. Односот на агенцијата кон младите и општата јавност придонел кон тоа истата да биде перцепирана како „агенција за спорт“, која ги исклучува младите од своето делување. Има несеопфатна соработка со младинските организации, односно за периодот од 2014 – 2017 АМС соработувала со мал дел на младински организации кои се повторувале како партнери на Агенцијата низ годините. Исто така, Агенцијата за млади и спорт финансиски поддржувала Национални спортски федерации, но сепак кога станува збор за младински организации нема никаква финансиска помош од страна на АМС. Донесувањето на Национална стратегија за млади 2015-2026 требало да претставува платформа за соработка помеѓу институциите за работење во областа каде се вклучени млади, но од добиените податоци се заклучува дека институциите кои се носители во целите и мерките на стратегијата не соработуваат при исполнување на истите.

Агенцијата е перцепирана како институција која активностите и ресурсите повеќе ги насочува кон Секторот за спорт, наспроти Секторот за млади. Проектите спроведувани од Сектор за млади при Агенцијата за млади и спорт, евидентно е дека многу од нив се повторуваат секоја година, и не јасно дали тие суштински придонесуваат за унапредување на положбата на младите, додека истите не соодветствуваат целосно со поставените мерки во Националната стратегија за млади и спорт 2016-2025.

Правната рамка според која работи Агенцијата за млади и спорт, во областа за млади не е конкретно дефинирана, односно речиси и да не постои. Она што може да се забележи е дека освен Националната стратегија за млади, не постои друг правен акт кој детално ги уредува прашањата во областа „млади“.. Непостоењето на Закон за млади/Закон за младинско учество е еден од клучните акти кои би требало да ги регулира правните празнини, а на Агенцијата да и даде јасни насоки кои се младинските тела за соработка, формите на младинско учество, па оттаму, преку соработка, АМС успешно и суштински да ги исполнува своите цели и приоритети.

# ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

Препораките се поделени во четири области:

1. Работа и ресурси на Секторот млади
2. Соработка со други институции и организации
3. Соработка со младински организации
4. Информирање и транспарентност кон младите и јавноста

## 1. Работа и ресурси на Секторот млади

1.1. Агенцијата за млади и спорт да работи на креирањето на сеопфатни стратегии за млади со квалитетна методологија и акциски планови, проследени со дефинирани буџетски потреби и со мерливи индикатори.

1.2. Агенцијата за млади и спорт треба да ги креира и реализира мерките и политиките за унапредување на младинскиот стандард и позиција во државата, првенствено врз податоци од истражувања и анализи. Во креирањето на политиките треба да бидат консултирани и вклучени сите засегнати страни.

1.3. АМС да спроведува истражувања за младински политики и потреби и предизвици на младите, а понатаму врз база на добиените податоци да креира мерки и политики за млади. Воедно се препорачува агенцијата да спроведе baseline (појдовно) истражување со кое ќе може да ги мери промените во областа и успехот на својата работа и политики кои ги спроведува.

1.4. Да се зголемат средствата за Секторот млади, и да се постигне еднаквост во распределбата на средствата за Секторот за млади и Секторот за спорт. Буџетираните проекти треба да соодветствуваат со потребите на младите кои ќе ги дефинира Секторот за истражување и креирање на младински политики при Агенцијата за млади и спорт.

1.5. Изнаоѓање на соодветна систематизација на секторите во Агенцијата за млади и спорт и јасно дефинирање на одговорностите и обврските на вработените.

1.6. Зголемување на кадарот во Секторот млади. При дополнување на испразнетите позиции да се води посебна грижа за следење на процедурите и избор на соодветен, квалитетен кадар.

1.7. Да се обезбеди проценка на капацитетите и потребите за усовршување на вработените во секторот млади, проследено со активности за активно надоградување на капацитетите на вработените за креирање и спроведување на квалитетни младински политики.

1.8. Формирање на одделение за истражување и креирање на младински политики во склоп на Секторот Млади при Агенцијата за млади и спорт, кој активно ќе ги мониторира, евалуира и креира сите младински политики во државата.

## 2. Соработка со други институции и организации

2.1. Агенцијата за млади и спорт активно да биде вклучена во процесите на сите државни институции за креирање на политики и мерки кои се однесуваат на младите. За истото да обезбеди систем за институционална меморија.

2.2. Градење систем за соработка меѓу Агенцијата за млади и спорт, младинските организации и други институции, со цел Агенцијата за млади и спорт и институциите координирано и систематски да работат на полето на младите.

2.3. За подобра комуникација и ефективна соработка со своите партнери и донаторите кои работат на развој на младинските политики, Агенцијата да воспостави редовни средби или советодавно тело за координација со претставници од меѓународните и домашните развојни организации кои поддржуваат проекти во областа млади.

## 3. Соработка со младински организации

3.1. Агенцијата за млади и спорт да обезбеди ресурси и капацитети да ги поддржи младинските организации, спортските федерации и младите, преку соработки, проекти и активности.

3.2. Агенцијата да одвојува значајни средства за проекти за млади и поддршка на невладини организации.

3.3. Пристапот за доделување грантови треба да се ревидира и да поставата јасни стандарди и објективни критериуми за аплицирање и доделување средства, како и понатамошен надзор врз спроведувањето на доделените проекти. Агенцијата доделувањето средства за младински организации треба да го прави преку развивање на нова грантова шема која ќе биде соодветна на потребите на младите и политиките на агенцијата. Во грантовата шема треба да се испитаат можностите за доделување различни типови проекти (пр. мали проекти за акции, оперативни или структурни грантови за организации, мрежи/ платформи и индивидуи).

3.4. Препознавање од страна на Агенцијата за млади и спорт на претставничките тела за млади, како партнери во спроведувањето и креирањето на политиките за млади и постојана соработка со истите.

3.5. Креирање на база на младински организации од страна на Агенцијата за млади и спорт и нивните полиња на работа. Да се обезбеди редовно и директно контактирање, информирање и консултирање на младинските организации преку оваа база за процеси, повици и политики за млади.

3.6. Да се искористат капацитетите на младинските организации за обуки, брифинзи и состаноци со вработените во агенцијата за прашањата, трендовите и потребите на младите во нивните полиња на работа.

3.7. Агенцијата за млади и спорт треба да гради партнерски односи со младинските организации. Агенцијата за млади и спорт и младинските организации во соработка треба да креираат и дадат придонес кон спроведување политики за млади. Агенцијата мора да биде отворена и достапна за сите младински организации, наспроти досегашните искуства на ограничен и селективен пристап.

## 4. Информирање и транспарентност кон младите и јавноста

4.1. Агенцијата за млади и спорт да ја зголеми транспарентноста кон јавноста, преку навремено објавување на извештаи, програми, планови и информации за тековни активности. Агенцијата исто така треба да објавува информации од јавен карактер на својата веб-страница и социјалните медиуми.

4.2. Агенцијата за млади и спорт да објавува годишни извештаи за својата работа. Агенцијата за млади и спорт да се грижи да има објавено достапни извештаи на својата страница за проектите кои ги има поддржано и за кои има добиено поддршка од други организации.

4.3. Агенцијата своите политики и пристапи да ги направи достапни за младите од различни заедници и региони од државата.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

„Закон за јавна внатрешна финансиска контрола “ Службен весник на Република Македонија, бр. 90/09

„Законот за здруженија на граѓани и фондации “  Службен весник на Република Македонија,  бр. 52/10 и 135/11)

„Закон за буџетите“ - Службен весник на Република Македонија бр.64/05, 0 - Службен весник на Република Македонија бр.64/05, 04/08, 103/08, 4/08, 103/08,
„Закон за Владата на Република Македонија“ - “Службен весник на Република Македонија” бр.59/2000 од 22.07.2000 год

„Закон за игрите на среќа и за забавните игри“ - “ Службен весник на Република Македонија “ број 10/97 “Службен весник на Република Македонија” број 10/97

„Закон за организација и работа на органите на државната управа“ -  “Службен весник на Република Македонија” бр.58/2000 од 21.07.2000 година

„Закон за спорт“ - Службен весник на Република Македонија бр.29 од 07.05.2002 година (член 25) 156/09, 95/10 156/09, 95/10, 180/11и 171/12 и 171/12 и 171/12

Закон за јавна внатрешна финансиска контрола - „Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/2009 и 188/2013

Закон за јавни набавки - Службен весник на РМ, бр. 165 од 16.11.2017 година

Закон за организација и работа на органите на државната управа“ -  “Сл. весник на Р Македонија” бр.58/2000 од 21.07.2000 година (член 30)

Национална стратегија за млади 2005-2015. Достапна на: <http://www.strategijazamladi.mk/sites/default/files/%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8.pdf>

Акциски план НСМ – 2009. Достапен на: < http://www.sega.org.mk/web/images/NSM/action%20plan%20for%20implementation%20of%20the%20national%20youth%20strategy%20of%20the%20republic%20of%20macedonia.pdf>

„Правилник за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата “ Службен весник на Република Македонија, бр. 136/2010

„Меѓународни стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија “Службен весник на Република Македонија, бр 113/2014

Конечен извештај од Државен завод за ревизија за Агенција за млади и спорт за 2012 година, http://dzr.mk/Uploads/1_13_AMS_smetka_637_16_KOMPLET.pdf

Kirkovski, Aleksandar (2017). „Country sheet on youth Policy in the Formar Yugoslav Republic of Macedonia“. <http://pjp-eu.coe.int/documents/1017981/9829969/Country-sheet-the+former+Yugoslav+republic+of+Macedonia.pdf/888e5076-42da-51f6-2692-81096175873b>

Анализа на спроведените активности од Националната стратегија за млади 2010-2015, https://issuu.com/youtheducationalforum/docs/___________________________________6342548b096811

Истражување за младински трендови, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје, http://www.ams.gov.mk/images/dokumenti/mladi/Caik_Proekt.pdf

Веб страни:
http://ams.gov.mk/
http://mladi.ams.mk/
http://mon.gov.mk/
http://aa.mk/
http://www.mio.gov.mk/
http://www.finance.gov.mk/
http://www.mls.gov.mk/
http://www.mtsp.gov.mk/
http://www.kultura.gov.mk/
http://vlada.mk/

# MONITORIM DHE AVANCIMI I PUNËS SË AGJENCISË PËR TË RINJ DHE SPORT

Botues:
SHOQATA QYTETARE FORUMI ARSIMOR RINOR
RR. DRENAK 34A, 1000 SHKUP
TEL: +389 2 31 39 692
WWW.MOF.ORG.MK
INFO@MOF.ORG.MK

Për botuesin:
DONA KOSTURANOVA, DREJTORE EKZEKUTIVE

Autorë:
MARTINA ILIEVSKA
ALEKSANDRA FILIPOVA
PETAR BARLLAKOVSKI

Lektor:
VESNA KOSTOVSKA

Përktheu:
VJOSA TAIPI

Redaktor grafik:
PETAR ANTEVSKI

Viti i botimit:
2018

Ky publikim është përgaditur me ndihmën e Unionit Evropian. Përmbajtja e këtij publikimi është përgjegjësi vetëm e Shoqata qytetare Forumi Arsimor Rinor. Ndërkulturor dhe në asnjë mënyrë nuk reflekton opinionin e Unionit Evropian.

“Përmbajtja është përgjegjësi vetëm e autorëve dhe fituesit të granitit, dhe në asnjë mënyrë nuk mund të konsiderohet se I shpreh pikëpamjet dhe qëndrimet e Fondacionit Shoqëri e Hapur – Maqedoni”

# Përmbajtja


Rreth Forumit Arsimor Rinor ........ 54
Rreth projektit “Monitorim dhe avancimi i punës së Agjencisë për të Rinj dhe Sport” ........ 55
Lista e shkurtesave ........ 56
Rreth Agjencisë për të Rinj dhe Sport ........ 57
Metodologjia dhe shqyrtimi i problemit ........ 58
Pozicionimi i Agjencisë për të Rinj dhe Sport dhe puna e brendshme ........ 60
Puna e brendshme e Agjencisë për të Rinj dhe Sport ........ 68
Buxhet dhe aktivitete të Agjencisë për të Rinj dhe Sport ........ 70
Revizioni, monitorimi dhe vlerësimi i punës së Agjencisë për Rinj dhe Sport ........ 72
Raporti përfundimtar i Entit Shtetëror për Revizion për Agjencinë për të Rinj dhe Sport për vitin 2012 ........ 73
Revizionet e brendshme të Agjencisë për të Rinj dhe Sport ........ 75
Revizioni i brendshëm i federatave të sportit ........ 75
Puna e Sektorit të rinjtë në Agjencinë për të Rinj dhe Sport ........ 76
Bashkëpunimi ndërmjet Agjencisë për të Rinj dhe Sport me institucionet e tjera shtetërore në drejtim të krijimit të politikave rinore ........ 80
Literatura e përdorur ........ 97

# RRETH FORUMIT ARSIMOR RINOR

Forumi Arsimor Rinor, është komunitet rinor i cili krijon hapësirë për debat, shprehje të lirë dhe organizim rinor, inkurajon aktivizëm, dhe i i mbron dhe avancon politikat dhe të drejtat rinore. FAR i realizon qëllimet e veta nëpërmjet informimit, edukimit, diskutimit, bashkëpunimit dhe nëpërmjet motivimit dhe mbështetjes të të rinjve.

Aktivitetet e organizatës realizohen nëpërmjet katër programeve:
1. Programi debatues
2. Programi mësojmë drejtësi
3. Programi për hulumtim, analizë dhe krijimin e politikave rinore dhe arsimore
4. Programi për aktivizëm rinor

FAR është themeluar në vitin 1999, ndërsa është aktiv në nivel nacional, duke i realizuar aktivitetet e veta programore në më tepër qytete përmes FAR qendrave në: Shkup, Tetovë, Strugë, Manastir, Veles dhe Kumanovë. Në klubet rinore të FAR në nivel vjetor janë të pranishëm anëtarë më tepër se 1000 shfrytëzues të programeve, aktiv në klubet për Debat, Mësojmë drejtësi dhe Media / Art.

Në kuadër të organizatës funksionon edhe internet radioja e parë rinore në shtet, Radio MOF (www.radiomof.mk).

## RRETH PROJEKTIT "MONITORIM DHE AVANCIMI I PUNËS SË AGJENCISË PËR TË RINJ DHE SPORT"

Agjencia për të Rinj dhe Sport është institucioni i vetëm i cili drejtpërdrejtë është përgjegjës për të rinjtë në vendin tonë. Periudhën e kaluar, puna e saj ishte kontroverse para së gjithash për shkak të mënyrës se si Agjencia në mënyrë sistemore i ndiqte nevojat e të rinjve dhe e avanconte sektorin rinor. Ajo ishte përgjegjëse për implementimin e Strategjisë për të rinj 2005 - 2015, në të cilën u krijua vetëm një plan veprim, ndërsa nuk kishte analizë përkatëse në lidhje me nevojën e të rinjve, buxhet dhe realizimin e Strategjisë. Agjencia e filloi edhe përgatitjen e Strategjisë për të rinj 2016 - 2025, në të cilën përsëri procesi u krijua nëpërmjet mënyrës jo kualitative dhe jo transparente, ndërsa Plan veprimi për vitin 2016 dhe 2017 ishte i përshpejtuar, metodologjikisht jo përkatës me përmbajtje të varfër për të cilin reaguan një pjesë e organizatave rinore, por propozimet e tyre nuk u mbështetën.

Në këtë drejtim, të rinjtë gjithnjë e më tepër u margjinalizuan, pa mbështetje dhe u manipuluan nga Agjencia. Shembujt shkojnë në drejtim të: Mos njohjes së *Këshillit Rinor Nacional të Maqedonisë*, i cili numëron 50 organizata dhe është pranuar si anëtar i plotfuqishëm i Forumit Rinor Evropian; krijimi i procesit jo transparent, simbolik për zgjedhjen e përfaqësuesve rinor në nivel ndërkombëtar (Zyra Rajonale për Bashkëpunim Rinor (ZRBR)); Menaxhimi i proceseve rinore, të udhëhequra nga menaxhmenti i partizuar i cili mbështet aktivitete jo përkatëse për nevoja esenciale rinore (Për shembull Ndërtimi i terrenit për tenis në Shën Nikollë ndërkohë që nuk ka teren përkatës i cili mund ti mësojë të rinjtë të luajnë tenis, dhe të rinjtë në mënyrë masive shpërngulen nga qyteti dhe nuk kanë jetë kulturore dhe jetë sociale); Diskriminim dhe jo tolerancë, ndërtim i raportit jo miqësor në drejtim të të rinjve dhe organizatave rinore me mendim kritik dhe segregimin i tyre.

Së këndejmi ideja për projektin është të skanojë punën e ARS-së, ti përcaktojë mangësitë dhe të krijojë rekomandime dhe mekanizma të cilat do të sigurojnë qasje gjithëpërfshirëse në përpalljen me sfidat rinore. Është e domosdoshme të sugjerohen mangësitë e periudhës së kaluar, por edhe të ndërtohet vullnet politik i cili në afat të gjatë do të krijojë Agjenci për të Rinj dhe Sport me përgjegjësi sistemore, në vendin tonë, tek e cila ata do të gjejnë mbështetje dhe besim.

Puna llogaridhënëse dhe me përgjegjësi e Agjencisë për të Rinj dhe Sport do të ishte me rëndësi të veçantë për përmirësimin e pozitës rinore në Maqedoni dhe mundësitë e tyre të ngelin në vendin tonë. ARS nuk do të mund ti plotësojë punët pa i ndërmarrë parasysh nevojat e të rinjve gjatë planifikimit buxhetor dhe programor, pa pasur të punësuar, nëpunës me kapacitet që ta kryejnë punën e tyre, bashkëpunim të mirë ndër sektorial me institucione të tjera dhe përfshirjen e organizatave rinore në punën e tyre. Në këtë drejtim, projekti do të mundësojë të parandalohet shmangia e fajit dhe mos informimit për rolin e institucioneve përgjegjëse për të rinjtë.

